ПОСТОЕЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА НАТО | ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ | „AIRBUS HELICOPTERS H175“ | „DAGGER“

# ШТИТ

Број 133
Ноември 2020
ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

## Свечено испратен првиот контингент во мисијата КФОР на Косово





# Свечено испратен првиот контингент во мисијата КФОР на Косово

Во касарната ,,Илинден“ во Скопје со присуство на највисокиот воен и државен врв, на 17 октомври се реализираше воена свеченост по повод упатувањето на првиот контингент на Армијата на Република Северна Македонија во мисијата на НАТО во Косово – КФОР. Армијата на Република Северна Македонија за првпат како 30-та земја членка на НАТО директно ќе учествува во мисијата КФОР во Косово каде што во следните шест месеци контингентот од 44 припадници на Армијата, составен од штабни офицери и вод за обезбедување, ќе ги извршуваат задачите во главната команда на мисијата и во командата на КФОР – „Запад“. На свеченоста присуствуваа: претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, министерката за одбрана Радмила Шекеринска, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, високи претставници од МО и ГШ на Армијата, воени аташеи од НАТО земјите-членки акредитирани во Република Северна Македонија и други гости од државните институции.

Претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, обраќајќи се кон припадниците на контингентот истакна: „ Вие сте дел од нашата прва ротација по добивањето на статусот полноправна членка во Северноатлантската алијанса, што нѐ прави сите нас особено горди. Инаку, нашата земја е членка на Алијансата од март оваа година, нашиот рејтинг во Алијансата е висок, а заслугата ви припаѓа вам, затоа што во континуитет покажувате врвна професионалност и целосна посветеност на оваа благородна професија, затоа немам најмал сомнеж дека ќе ги задржите највисоките стандарди и достојно ќе ја претставувате својата татковина“.

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, во своето обраќање искажа увереност дека припадниците на Армијата во оваа мисија ќе ги покажат своите вештини и знаења пред колегите од сојузничките Армии во мисијата КФОР. Притоа, таа истакна ,,Наша обврска е да дадеме придонес за регионалната стабилност, да помогнеме Балканот










да биде помирно и попросперитетно место за живеење. Покажавме кои се нашите квалитети на многу далечни места, отсега ќе го покажеме нашето вистинско место и во регионот. Вие ќе бидете првите кои ќе го ставите главниот белег како ќе се оценува, ќе се доживува и ќе се гледа на нашата држава“.

Претседателот на Владата, Зоран Заев во своето обраќање истакна дека оваа мисија има особено значење за Републиката, бидејќи за првпат учествуваме во мисија како полноправна членка на НАТО, како армија која е рамноправен член на најголемиот и најмоќен воен сојуз, која во понатамошниот период ќе продолжи да се вклучува во мисиите на НАТО. Кон припадниците на првиот контингент во мисијата го истакна уверувањето дека тие ќе ја продолжат традицијата на успешност на нашите припадници во сите досегашни мисии во кои сме учествувале. Пред упатувањето во оваа мисија припадниците на Армијата поминаа низ потребен процес на обука, подготовки и селекција каде се извежбуваа и се обучуваа за изведување на задачи кои во целост се компатибилни со задачите кои ги очекуваат за време на мисијата – подготвеност, интероперативност и способност за извршување на најтешки задачи. Припадниците на првиот контингент сето ова го покажаа во досегашниот веќе 18-годишен период за време на учеството во мировните мисии ИСАФ и „Одлучна поддршка“ во Авганистан, мисијата „Слобода за Ирак“, АЛТЕА во Босна и Херцеговина и УНИФИЛ во Либан.







# содржина

ШТИТ | година XII | број 133 | ноември 2020

Инфо 5

На прва линија
**Промоција на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата 1325** 6

НАТО активности
**Постоење и функционирање на НАТО** 8

НАТО активности
**Процесот на планирање во одбраната во Република Северна Македонија и членството во НАТО** 10

ПзМ армии
**Армиите на земјите на „Партнерство за мир“ Молдавија** 13

Армиски чествувања
**Свечено одбележан Денот на Командата за операции** 17

Глобал
**Слободата на говор VS насилниот екстремизам** 20

Вооружување
**Автомат „MP9“** 32

Вооружување
**„Airbus Helicopters H175“** 34

Вооружување
**„Dagger“ - лесно оклопно возило 4x4** 36

Воорживање
**Француски пушкомитралез „M1915 ЦСРГ“ – „Шоша“** 40

Едукација
**Четврта реформа во војувањето Здружено војување** 46

Незадолжително
**Уметници изгубени во виорот на Првата светска војна** 54

Филм
**„Кукавица“** 56

# Инвестираме во образованието и во професионалната надградба

Во изминатиот период во редовите на Армијата на Северна Македонија по пат на конкурс беа примени поголем број професионални војници, со што покажавме дека се грижиме во Армијата да има доволен број млади и мотивирани припадници коишто ќе го подноват професионалниот состав на Армијата. Во овој број се осврнавме и на приемот на нови кадети и промоција на млади потпоручници школувани на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, кои ќе бидат новите офицери и идните лидери во нашата армија.
Дека Министерството за одбрана се грижи да има професионален и соодветно образуван кадар во своите редови зборува и фактот дека Министерството во наредниот период ќе издвои средства за стипендирање на млади лица коишто сакаат да ја градат својата кариера како специјалисти за критични специјалности за кои има потреба во Министерството за одбрана.
„Од почетокот на 2021 година, како Министерство за одбрана ќе започнеме со стипендирање на млади коишто студираат и се образуваат за таканаречени критични специјалности – области кои се потребни на Армијата и на нашата одбрана, а ги немаме доволно“, изјави министерката за одбрана Радмила Шекеринска на заедничката средба со министерката за образование и наука Мила Царовска, со ученици-добитници на награди на меѓународни олимпијади по информатика. Во изјава за медиумите, министерката Шекеринска по тој повод истакна дека „стипендијата ќе ги опфати сите години на студирање, со единствен услов кандидатите да преземат обврска по дипломирањето да се вработат во полза на одбраната и Армијата, со што ќе може да се создаде подобар одбранбен систем, пофункционална Армија, а ќе има и што да понудиме на дел од НАТО командните структури“.
Стипендијата ќе биде наменета за прв циклус на академски студии. Висината на месечната стипендијата ќе се движи од 45 до 70 отсто од просечната месечна нето плата исплатена во државата во последните три месеци, во зависност од студиската година на студентот. Ќе се исплаќа 12 месеци во годината, а предвидени се и надоместоци и парични награди. Покрај надоместокот за школарина, односно партиципација, стипендистите ќе добиваат и надоместок за набавка на материјали за школување, надоместок за набавка на материјали за изработка на дипломска работа, парична награда за завршување на студиската година во редовните испитни рокови. По завршувањето на студирањето, стипендистите ќе бидат примени на служба во Армијата, во согласност со прописите од Законот за служба, без објавување јавен оглас, со склучување на договор за вработување. Исто така ќе спомeнеме дека Министерството за одбрана има континуирана соработка со високообразовните институции од областа на безбедноста и одбрана, каде на веќе вработените во одбраната им се овозможува под поволни околности да го продолжат своето образование на втор и трет циклус на студии.
Сето ова покажува дека Министерството за одбрана се грижи и инвестира во човечките ресурси, дека се води од стандардите на колективното членство и дека се стреми секогаш да има едуциран, професионален, ефикасен и ефективен кадар во своите редови.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА
0800 50030




# Состанок на Северноатлантскиот совет на НАТО

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, преку видеоконференциска врска учествуваше на Состанокот на Северноатлантскиот совет на НАТО на ниво на министри за одбрана. Министрите за одбрана на 30 земји сојузници во НАТО, на состанокот разговараа за мерките за поддршка на цивилните напори за спречување на ширење на вирусот КОВИД-19 и сојузничката солидарност. Се разговараше за напредокот во напорите за зголемување на буџетите за одбрана и заедничкото споделување на товарот.
Втората работна сесија беше посветена на НАТО мисиите и мировните операции во Авганистан, во Ирак и на Косово.
Министрите за одбрана на состанокот разговараа и за имплементацијата на планот на НАТО за имплементација на Резолуцијата 1325 на Обединетите нации за жените, мирот и безбедноста. За Република Северна Македонија беше обезбеден НАТО пакет во вредност од 1,4 милиони евра за 60 респиратори и дополнителна медицинска опрема, со што уште еднаш беше потврдена сојузничката солидарност кон нашата земја.
Министерката Шекеринска на состанокот се заблагодари за помошта од НАТО. Во однос на буџетот за одбрана, Шекеринска нагласи дека Северна Македонија останува посветена на определбата за континуирано зголемување на одбранбениот буџет и достигнување на 2% од БДП во 2024 година, како и одвојување на 20% од буџетот за опремување и модернизација во 2021 година.
Една од главните теми на состанокот беше и зголемувањето на отпорноста на општествата, при што министрите за одбрана на НАТО земјите членки усвоија препораки за градење на капацитети и за унапредување на цивилно-воената соработка. Министрите за одбрана на состанокот донесоа одлука за изградба на вселенски центар во базата Рамштајн во Германија, при што беше потенцирано дека целта на НАТО не е да се милитаризира вселената, туку да се подигне свесноста на НАТО за предизвиците и подготвеноста за справување со нив.
Во дискусијата за мировните мисии и операции во Авганистан, во Ирак и на Косово, министерката за одбрана Радмила Шекеринска рече дека Северна Македонија го продолжува учеството во мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан и најави дека сме во процес на подготовка за упатување на хируршки тим во соработка со Кралството Норвешка. Таа додаде дека нашето присуство во Авганистан ќе биде приспособено во согласност со плановите за повлекување на НАТО по принципот „заедно внатре – заедно надвор“. Министерката го истакна и новиот придонес од 44 припадници на Армијата на Република Северна Македонија во рамките на силите КФОР на Косово, кој ќе биде зголемен во текот на идната година, при што вкупната бројка ќе изнесува 180 војници, подофицери, и офицери, што е потврда за подготвеноста на Армијата да вложува во мирот и безбедноста на регионот. Министрите за одбрана на НАТО, на барање на Владата на Ирак, усвоија и директива за проширена мисија на НАТО во Ирак, која ќе биде неборбена и ќе има цел обука и советување на ирачките безбедносни сили. Министерката Шекеринска, по ова прашање истакна дека се планира Северна Македонија да учествува со пет припадници во оваа мисија, во склоп на мобилен тренинг тим за обука и советување, во рамки на А5 иницијативата.
Во однос на јубилејот 20 години од однесувањето на Резолуцијата 1325 на СБ на ООН, министерката Шекеринска информираше дека Владата на Република Северна Македонија го донесе вториот Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325, и рече дека посветено се работи на унапредување на положбата на жените во одбраната преку процес кој е инклузивен и не подразбира само бројка, туку и активно учество на жените во одбраната. Имплементацијата на вториот Национален акциски план подразбира подобрување на условите за работа и зголемување на бројот на жените, како во доменот на одбраната така и во сите сегменти на општеството, на секое ниво.



# 20 години од донесувањето на Резолуцијата 1325 на Советот на ОН

## Промоција на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата 1325

Оваа, 2020 година, се навршуваат 25 години од усвојувањето на Пекиншката декларација и Платформата за акција (1995 г.) и 20 години од донесувањето на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста на Советот за безбедност на ООН (2000 г.), како едни од поважните документи и иницијативи за вклучување на жените во сите сегменти на општеството, а особено во рамките на безбедносниот сектор. Резолуцијата 1325 е основата за проширување на насоките за човекови права, особено правата на жените на меѓународно ниво и ги повикува државите и меѓународните институции да преземат чекори за нејзино спроведување. Усвојувањето на оваа резолуција воведе поинаков пристап кон мирот и безбедноста и отвори правна рамка за обезбедување на алатки преку кои се

Во пресрет на јубилејот 20 години од донесувањето на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста на Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите нации, во Центарот за обука на пилоти во Петровец, со почитување на сите мерки и препораки за заштита од Ковид 19, беше организирана панел-дискусија по повод јубилејот и воедно беше промовиран вториот Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста 2020-2025 (стратегиска рамка)

идентификуваат жените како клучни фактори во создавањето на одржлив мир. Со усвојувањето на Резолуцијата 1325, безбедносните и одбранбените концепции требаше да се прилагодат и да се редефинираат за да се имплементира и концептот на родова еднаквост.
Во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија во изминатиот период беа преземени редица активност за интегрирање на родовата перспектива во сите политики и стратегиски документи во Министерството и во Армијата, со што се менува целокупната перцепција за родовата еднаквост во вооружените сили. Преку концептот на родовата перспектива се овозможува максимизирање на талентот, професионалноста, ефикасноста и успехот, со крајна цел – еднакво учество на жените и мажите во сите прашања поврзани со мирот





и безбедноста. Министерството за одбрана беше определено за носител за изработка на вториот Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 во периодот 2020-2025.

На панел-дискусијата по повод 20 години од донесувањето на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ООН за жените, мирот и безбедноста и промоција на вториот Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 во Република Северна Македонија се обратија министерката за одбрана Радмила Шекеринска и британскиот одбранбен аташе Енди Лејтон, како претставник на Обединетото Кралство, којшто силно го поддржува овој процес. На панел-дискусијата присуствуваше и ЗНГШ, генерал Азим Нуредин и други високи претставници од Министерството за одбрана, Весна Ивановиќ-Кастаред, раководителка на Канцеларијата на UN Women, членови на Работната група за изработка на Националниот акциски план, како и претставници и претставнички на државните институции и на невладиниот сектор од Република Северна Македонија. На панел-дискусијата, преку видеоконференциска врска учествуваа и Катерина Ставреска, координаторка на Работната група за имплементација на родовата перспектива во Министерството за одбрана, Габријела Ѓорѓевиќ, цивилен претставник на Министерството за одбрана во седиштето на НАТО, полковник Билјана Блажеска, аѓутантка на претседателот на Република Северна Македонија, потполковник Ирена Блажевска, која е дел од меѓународниот штаб на Балканските медицински наменски сили и потполковник Елизабета Наумовска, командантка на Военомедицинскиот центар, кои ги споделија своите лични и професионални искуства како жени кои се на лидерски и одговорни работни позиции во одбраната.

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, во своето обраќање се осврна на активностите во Министерството за одбрана на планот на зајакнувањето на родовата рамноправност и родовите перспективи, истакнувајќи дека во изминатиот период интензивно се работеше да се зголеми бројот на жените во секторот одбрана, особено на лидерските позиции. „Покажавме дека даваме шанси на многу жени во одбраната и мислам дека тоа даде резултати и во секторите кои не се доживуваат како средина со еднакви права на мажите и жените. Покажавме дека во три години во кои се обезбеди и членство во НАТО и подобри услови за Армијата не заборавивме и на темата која што мислиме дека е важна – а тоа е дека Армијата и одбраната ќе бидат подобри и посилни ако во нив се подеднакво добредојдени и мажите и жените“, истакна министерката.

Во однос на новиот Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста, таа појасни дека Министерството за одбрана е носител на вториот НАП, а не Министерството за труд и социјални политики, кое беше носител на првиот Национален акциски план, што е чекор понапред за поефективно имплементирање на сите определени цели и активности. Првиот НАП ги воведе: концептот на родовата перспектива во мировната, безбедносната и одбранбената политика; учеството на жените во меѓународни, цивилни и воени мисии, како и спречувањето на насилство и заштита на жените во мирновременски услови и во услови на конфликт. Со вториот НАП започнува ново патување и една многу поширока амбиција со поширок мандат за промени, што подразбира целосно исполнување на меѓународната обврска за ефективна и афирмативна национална родова еднаквост, приоритизација на агендата за жените, мирот и безбедноста, инклузивност, отчетност и транспарентност во сите сфери на општеството.

На крајот од своето обраќање министерката им честиташе на „многуте мажи и жени во Министерството и во Армијата коишто изминативе две години се вложија сериозно и како резултат на нивните напори денеска имаме средина којашто е многу поотворена кон жените, имаме жени на високи позиции, коишто се многу побројни и имаме што како членка на НАТО да покажеме со сопствен пример и со сопствен резултат“, рече министерката.

д-р Жанет Ристоска



# Постоење и функционирање на НАТО

Во договорот од 1919 година, за прв пат беше формирана колективна организација која ќе го сочува мирот и безбедноста во светот, позната под името Лига на нациите, организација која беше претходник на ООН. По завршувањето на Втората светска војна, се наметна прашањето за создавање на силна воена организација. Договорот од Брисел во 1948 година ги постави основите на еден европски безбедносен систем, додека основачкиот акт на Северноатлантската организација е Договорот од Вашингтон, каде освен европски држави, во оваа организација се приклучија и САД и Канада.
Во 1949 година, 12 земји од двете страни на Атлантикот ја формирале Организацијата на Северноатлантскиот договор за да му се спротивстават на ризикот од обидот на Советскиот Сојуз да ја прошири својата контрола од Источна Европа во други делови на континентот. Источна и Западна Европа биле поделени од идеолошките и политичките поделби на Студената војна, а Источна Европа потпаднала под доминација на Советскиот Сојуз.

> Колективното обезбедување претставуваше едно од поважните начела кое беше промовирано по завршувањето на Првата светска војна. Примарна цел беше формирање на една организација на нации под специфичен договор со цел давање меѓусебни гаранции за политичка независност и територијален интегритет, како на големите држави така и на малите држави

До раните педесетти години од минатиот век, развојот на настаните на меѓународно ниво кои кулминирале со избувнувањето на Корејската војна се чинело дека ги потврдиле стравовите на Запад од експанзионистичките амбиции на Советскиот Сојуз.
За време на Студената војна улогата и целта на НАТО биле јасно дефинирани. Со распаѓањето на Варшавскиот пакт се верувало дека и потребата од НАТО повеќе не постои, односно дека идното одбранбено ширење и инвестирање во вооружените сили би можело драматично да се намали. Во очекување на распаѓањето на Советскиот Сојуз многу сојузници од НАТО значително ги намалиле своите трошоци за одбраната, некои дури до 25 проценти. Меѓутоа, надежите се покажале претерано оптимистички. Наскоро станало јасно дека, иако со крајот на Студената војна опасноста од воена инвазија можеби исчезнала, од друга страна нестабилноста во некои делови од Европа се зголемила. Земјите од НАТО брзо дошле до заклучок дека нивната решителност за колективна одбрана и соработка остварена преку НАТО и понатаму обезбедува најдобра гаранција за нивната безбедност.
Организацијата на Северноатланскиот договор (НАТО) претставува трансатлантска врска која ги поврзува Европа и Северна Америка во единствен одбранбен и безбедносен сојуз. Основната и трајната цел на НАТО дадена во Вашингтонскиот договор е да ја штити слободата и безбедноста на сите нејзини членки, користејќи политички и воени средства. За оваа цел НАТО обезбедува колективна

одбрана за своите членки уште од нејзиното формирање. НАТО нема сопствени вооружени сили. Повеќето сили коишто ѝ се на располагање на НАТО остануваат под целосна национална команда и контрола додека не бидат назначени од земјите членки за преземање задачи коишто варираат од колективна одбрана до нови мисии како што се чување и поддршка на мирот.
Во 1994 година НАТО ја претставил иницијативата позната како Партнерство за мир. Оваа програма е дизајнирана за да им помогне на земјите учеснички во реструктуирањето на нивните вооружени сили, со цел да им се овозможи да одиграат соодветна улога во едно демократско општетво и да земат учество во мировните операции под раководство на НАТО. Нашата држава пред полноправното членство во НАТО, а во рамките на програмата Партнерство за мир, изгради добра воена соработка со земјите во регионот, преку учество на безброј меѓународни активности, вежби и школувања.
Во 1995 година НАТО го воспоставил Медитеранскиот дијалог со шест земји (Египет, Израел, Јордан, Мавританија, Мароко и Тунис) во поширокиот Медитерански регион. Програмата во која се приклучил и Алжир во 2000 година е насочена кон креирање на добри односи и подобрување на заемното разбирање со земјите во Медитеранскиот регион, како и промовирање на регионалната безбедност и стабилност.
Исто така, донесувањето на Акциониот план за членство им помогна на земјите аспиранти за членство во НАТО да ги зајакнат и да ги фокусираат нивните подготовки за достигнување на целите и на приоритетите зацртани со планот. Акциониот план за членство ја зајакна кандидатурата на сите заинтересирани земји и не беше замена за програмата Партнерство за мир. Целосното учество во ПзМ/ПАРП беше од суштинско значење за земјите кандидати затоа што ја развиваа нивната интероперативност со НАТО силите и ги подготвува сопствените воени структури и капацитети за можното идно членство. Тој и даде суштина на заложбата на НАТО да ја остави својата врата отворена.

## Функционирањето на НАТО

Еден од клучевите на трајноста на НАТО алијансата е нејзиниот процес на одлучување. Ова значи дека сите одлуки треба да бидат едногласни. Како резултат на ова честопати се потребни долги консултации и дискусии пред да се донесе некоја важна одлука. Иако овој систем може да изгледа дека е бавен за одредени одлуки, сепак има две големи предности. Најпрво се почитува суверенитетот и независноста на секоја земја членка, без разлика на нејзината големина. Второ кога ќе се донесе една одлука, таа има целосна поддршка од сите земји членки и постои волја и решителност за нејзина имплементација.
Најважното тело во донесувањето на одлуки во НАТО е Северноатлантскиот совет кој се состанува на амбасадорско ниво. Исто така, постојат редовни состаноци на Советот на ниво на министри за надворешни работи, одбрана и од време на време шефови на држави и влади. На чело на НАТО се наоѓа генерален секретар кој се назначува на приближно четири години. Тој е висок меѓународен државник од една од земјите членки. Генералниот секретар претседава со состаноците на Северноатлантскиот совет и други важни тела на НАТО и помага во градењето консензус помеѓу земјите членки. Исклучително важен воен орган е Воениот комитет, кој е еден од најстарите постојани тела после Северноатлантскиот совет. Двете тела биле оформени неколку месеци по формирањето на Алијансата. Со него претседава претседател на Воениот комитет.
Во првата деценија од 21 век НАТО значително се промени во споредба со истиот безбедносен сојуз од 1949 година. Во текот на повеќе од половина век на постоење, Алијансата и поширокиот свет се развиле на начини кои основачите на НАТО не можеле да ги предвидат. Така, со интеграцијата на новите земји членки, неизбежен е процесот на постојано приспособување, со цел да се доближи до интересите на поширокото членство. Од друга страна, евроатлантската интеграција несомнено претставува најсилниот двигател на реформските процес во регионот на Западниот Балкан. После отворањето на вратите на ЕУ за државите од Централна и Источна Европа, балканските држави засилено се насочија кон преземање на потребните чекори за влез во Унијата.

Драган Павловски







# Процесот на планирање во одбраната во Република Северна Македонија и членството во НАТО

Планирањето е една од функциите на менаџментот кој означува континуиран процес кој никогаш не завршува и преку него ја предвидуваме иднината. Планирањето е одлучување однапред за тоа што да се направи, кога да се направи и како да се направи.Преку процесот на планирање ние гледаме во иднината или предвидуваме што ќе се случи во иднината и за тоа соодветно се подготвуваме. Без процесот на планирање не може да се замисли функционирањето, иднината и опстанокот на организацијата. Планирањето најчесто се сфаќа како процес на поставување на целите на организацијата и одредување на правилен тек на акции и со кои ресурси ќе се постигнат целите. Тоа

Процесот на планирање во одбраната е автохтон процес за чие функционирање е одговорна државата. Одговорноста за пропишување на процедурите и методологијата по кои ќе се одвива процесот на планирање е национална одговорност. Во принцип, процесот на планирање во одбраната во секоја држава е различно регулиран и подразбира планирање во согласност со националните потреби и ресурсите кои ѝ стојат на располагање








Процесот на одбранбено планирање во Алијансата е димензиониран на две нивоа. Првото ниво го опфаќа НАТО процесот на одбранбено планирање – NATO Defence Planning Process (NDPP), кој е обврзувачки за сите земји членки. Второто ниво го опфаќа Процесот на планирање и преглед - Planning and Review Process (PARP), кој е на доброволна основа и е наменет исклучиво за земјите партнери на Алијансата

го премостува јазот за тоа каде сме сега и каде сакаме да бидеме. Тесно е поврзано со носењето на одлука за тоа што треба да се направи, како тоа да се направи, кога тоа да се направи и со кого да се направи? Преку планирањето се одлучува каква ќе биде иднината на организацијата и како истата ќе се постигне. Во рамките на една организација, планирањето се остварува во континуитет и се извршува на сите нивоа на раководење. Планирањето во себе вклучува дефинирање на цели, стратегии, политики, планови, програми и процедури за имплементација на плановите (Koontz & O`Donnel, 1959, p.718). Продукт на планирањето е Планот кој претставува идна насочена активност односно, средство за акција и начин за остварување на целта. За да се направи планот, прво мора да се дефинираат јасни, конкретни и мерливи цели кои треба да се остварат во иднина. Потоа се определува политиката и приоритетите односно, се дефинира стратегијата и се одредуваат начините како ќе се остварат тие цели и со кои ресурси. Следната фаза се однесува на имплементирањето на планот кое се спроведува преку соодветни програми и процедури. Програмата претставува збир на поврзани задачи, активности, проекти и потпрограми со кои се остварува заедничка цел. Во програмата се интегрираат различни ресурси, потребни за постигнување на општа и посебните цели. Општата цел го поставува бараниот резултат кој сака да се постигне. Преку програмите се врши поврзување на планирањето со ресурсите преку прецизно и јасно дефинирани рокови за извршување на поставените цели. Односно се врши дефинирање и анализирање на алтернативните начини на постигнување на одредени цели, се вреднуваат разните опции во однос на можните трошоци и користи (придобивки) и влијанието на ресурсите на планираната динамика во остварувањето на целите. Преку процедурите детаљно се предвидени постапките кои последователно се преземаат за да се имплементираат поставените цели.

Во основа процесот на планирање во одбраната е автохтон процес за чие функционирање одговорна е државата. Одговорноста за пропишување на процедурите и методологијата по кои ќе се одвива процесот на планирање е национална одговорност. Во принцип процесот на планирање во одбраната во секоја држава е различно регулиран и подразбира планирање согласно националните потреби и ресурсите кои и стојат на располагање. Тоа подразбира соодветно планирање на развојот на одбранбените и воените способности согласно националните потреби и преземените обврски од членство во некоја меѓународна политичка, економска или воена организација. Планирањето во одбраната во нашата држава е законска обврска и се остварува според пропишани процедури и правила. Процесот на планирање во одбраната има цел да направи соодветен спој на националните ресурси со искажаните потреби на системот за одбрана со цел ефикасно и ефективно остварување на оваа функција. Притоа, во согласност со ресурсите, утврдениот пристап кон планирачкиот процес и спецификите на планирањето во одбраната, државата креира документи од различно хиерархиско ниво. Клучни стратегиски документи, кои се основа за одбранбеното планирање во Северна Македонија се: Законот за одбрана со неговите измени и дополнувања, Националната концепција за безбедност и одбрана од 2003 година, Стратегијата за национална безбедност од 2008 година), Стратегискиот одбранбен преглед од 2018 година, Стратегијата за одбрана од 2020 година и Стратегиските цели и приоритети на Владата. Во овие документи прецизно се дефинирани и утврдени националните ставови и определби, стратегиските политички и одбранбени цели како и општата рамка на потребните ресурси за нивна реализација. Притоа, основен предизвик во процесот на планирање во одбраната е тоа да биде објективно и реално остварливо. Тоа значи дека е потребно да постои адекватен баланс меѓу потребите на државата, барањата на вооружените сили

и расположливите национални ресурси. Меѓутоа, ако државата е членка на меѓународна воено-политичка организација тогаш важат други правила во процесот на планирање. Имено, самата организација поставува свои колективни правила и методологија по која ќе се спроведува процесот на планирање и кои важат за сите нејзини членки. Членките се обврзани националниот процес на планирање да го прилагодат на колективниот процес на планирање. Таков е и случајот со НАТО, каде земјите членки се обврзани националниот процес на планирање во одбраната и развојот на силите и способностите да го синхронизираат согласно НАТО процесот на одбранбено планирање.

партнери на Алијансата. Станува збор за процес на одбранбено планирање кој се спроведува низ неколку чекори, кој НАТО посебно го креира за земјите од Партнерството за мир, Истанбулската иницијатива за соработка, Медитеранскиот дијалог и за Партнерите од светот. Учеството во PARP механизмот на Алијансата има за цел постепено синхронизирање на националниот процес на одбранбено планирање на земјата партнер со оној на Алијансата посебно во делот на развојот на силите и одбранбените и воените способности.

Во 1995 година Македонија се приклучи кон Партнерството за мир (ПзМ). Во 1996 година официјално се вклучи во PARP процесот наменет за земјите партнери на Алијансата. Истата во одбраната за нашата држава и во истиот активно се вклучивме од јуни 2019 година. Треба да се има предвид дека НАТО процесот на одбранбено планирање е комплексен четиригодишен процес на планирање кој се спроведува преку пет чекори. Имено, секоја земја членка на Алијансата има обврска да учествува во НАТО процесот на одбранбено планирање и во согласност со барањата да ги имплементира политичките цели на Алијансата, но и да ги развива и бараните одбранбени и воени способности потребни за остварување на основните задачи (core tasks) на Алијансата. Самото вклучување на нашата земја во овој процес наложува не само редефинирање на стратегиските документи туку



Тоа подразбира дека земјите членки се обврзани планирањето на сопствените одбранбени и воени способности да го прилагодат согласно барањата и потребите кои произлегуваат од политичките цели стратегиските определби дадени во Стратегискиот концепт во насока на исполнување на трите основни задачи Алијансата, кои се однесуваат на придонесот во операциите од колективната одбрана, од кризниот менаџмент и од кооперативната безбедност. Условно, процесот на одбранбено планирање во Алијансата е димензиониран на две нивоа. Првото ниво го опфаќа НАТО процесот на одбранбено планирање – NATO Defence Planning Process (NDPP) кој е обврзувачки за сите земји членки. Второто ниво го опфаќа Процесот на планирање и преглед - Planning and Review Process (PARP) кој е на доброволна основа и е наменет исклучиво за земјите година го изработи првиот Преглед на способности и НАТО ѝ го додели и првиот пакет на Партнерски цели. Оттогаш, PARP стана составен дел на националниот процес на одбранбено планирање. Планирањето на развојот на силите и одбранбените и воените способностите на нашата држава континуирано се развиваше согласно националните потреби и целите и барањата на НАТО определени со Стратегиските концепти и останатите доктринарни документи. Со поканата за пристапување кон Алијансата во февруари 2018 година нашата земја успешно го заврши своето учество во PARP. Со поканата за членство, Северна Македонија се стекна со статус на INVITE со право полноправно да учествува во работата на Алијансата во транзиционият период и во периодот на ратификација на Протоколот за членство. Со тоа НАТО во потполност го отвори и процесот на планирање и хармонизација на законската регулатива и на националниот процес на одбранбено планирање со НАТО процесот на одбранбено планирање. Истите треба да бидат усогласени со политичките цели на НАТО, со барањата и со потребите за остварување на трите core tasks на Алијансата и тоа: колективната одбрана, операциите од кризен менаџмент и кооперативната безбедност. Тоа ќе биде наш клучен ангажман во рамките на НАТО во натамошниот период. Оттука, основниот акцент на проучувањето и истражувањето во трудот е насочен кон утврдување на степенот на напредокот на нашата држава во процесот на хармонизција на националниот процес на одбранбено планирање со НАТО процесот на одбранбено планирање и како истиот влијае на развојот на силите и на воените и одбранбените способности на нашата држава.

д-р Игор Ѓорески



# Армиите на земјите на „Партнерство за мир“
# Молдавија

Молдавија е земја која се простира во североисточниот дел од Балканскиот регион. Се граничи со Украина на север, исток и југ и со Романија на запад. Најголемиот дел од земјата се простира помеѓу реките Прут и Днестр, и лежи на исток од големиот лак на Карпатите. Таа е унитарна парламентарна република со еден законодавен дом– Парламент. Во неа живеат околу 3,3 милиони жители и се простира на околу 33.800км2

**Националната армија на Молдавија,** со персонал од 6.500, е составена од копнени и воздухопловни сили. Во состав на Генералштабот, покрај секциите од J1 до J7, се и: Оперативниот команден центар; Центарот за менаџмент со ресурси за мобилизација; Директоратот за менаџмент, координација и мониторинг; Секторот за правни работи; Секторот за здравство и Секторот за воена полиција.

Под директна команда на Генералштабот на армијата се: Баталјонот на специјалните сили; Баталјонот за борбена поддршка; Баталјонот за логистичка поддршка; Баталјонот за врски и Центарот за обука.

> Односите на Молдавија со НАТО започнале со приклучување на Молдавија кон Советот за Северноатлантска соработка (NACC) во 1992г., кој во 1997г. бил наследен од страна на Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАРС). Кон програмата Партнерство за мир (ПзМ) се приклучила во 1994г.

Под команда на Командата за копнена војска, со персонал од околу 3.250 луѓе, се: три бригади, Баталјон за мировни операции, Артилериски баталјон, Инженерски баталјон и Гардиски баталјон.

Пешадиските бригади се пополнети со оклопни транспортери BTR-60, 70 и 80, и TAB-71. Артилериските единици користат 2А36 Giatsint-B, 2S9 Anona, 9P140 Uragan и други.

Под команда на Командата на военото воздухопловство се воздухопловните сили (една воздухопловна база) и еден ракетен полк за противвоздушна одбрана, со персонал од околу 800. Во состав на воздухопловната база се наоѓаат транспортните авиони „An-2“ и „An-72 Coaler“, за обука „Yak-18“ и транспортните хеликоптери „MI-8 MTV1“ и „MI-8PS“.

Во состав на паравоените состави (карабињери) се околу 2.400 лица.

Пополнетоста на единиците со активен состав варира од 21 – 65%, а во состав на армијата се и регрути. Служењето задолжителен воен рок е во траење од 12 месеци. Бројот на резервниот персонал изнесува околу 58.000.

Буџетот наменет за одбраната на Молдавија,со години наназад варирал од 23 до 29 милиони долари (од 0,4%- 0,5% од БДП).

Со свои војници, армијата на Молдавија учествува во повеќе мисии за поддршка на мирот: MINUSCA (Централна Африка), UNOCI (Брегот на слоновата коска), UNMIL (Либерија),UNMISS (Јужен Судан) иKFOR(Косово).

## Молдавија и НАТО

Соработката на Молдавија со НАТО се одвива во повеќе области. Тежиште

е дадено на поддршката од НАТО на реформите и модернизацијата на молдавските одбранбени и безбедносни структури и институции. Покрај тоа што, согласно уставот, Молдавија е неутрална земја, таа вложува напори кон примена на европски стандарди и приближување кон евроатлантските институции.
Односите со НАТО започнале со приклучување на Молдавија кон Советот за Северноатлантска соработка (NACC) во 1992г., кој во 1997г. бил наследен од страна на Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАРС). Кон програмата Партнерство за мир (ПзМ) се приклучила во 1994г. Поддршката на реформите во одбранбениот и безбедносниот сектор постепено се зголемувале од 2006г. со усвојување на првиот двегодишен Индивидуален акциски план за партнерство (IPAP).
По Самитот на НАТО во Велс во септември 2014г., поддршката и помошта на Молдавија била зајакната со нејзино приклучување кон иницијативата за изградба на одбранбени и безбедносни капацитети преку иницијативата Defence and Related Security Capacity Building (DCB). Реализацијата на договорениот пакет мерки започнала во 2015г.
Првата фаза, која е во тек, се фокусира на помош од НАТО во изработка на национална стратегија за безбедност, одбранбените планови и структурата на сили, во четири области: развој на копнени и воздухопловни сили, воено образование, кибернетичка (cyber) безбедност и имплементација на резолуцијата на ОН бр. 1325 (која се фокусира на жените, мирот и безбедноста). Оваа фаза временски не е ограничена, целта е воспоставување соодветна структура на силите во однос на потребите на молдавската национална безбедност и буџетот кој се определува за тие потреби.
Втората фаза од програмата би продолжила со советодавна улога на НАТО во доградување специфични елементи на трансформацијата на молдавските ВС и релевантните институции како и фокусирање на развој на воени способности.
На барање на молдавската влада, во 2017г. била формирана Канцеларија за врски со НАТО во Кишињев, со цел промовирање на практична соработка и поддршка за реформите во земјата.

## Градење капацитети и интероперабилност

Поддршката на НАТО на одбранбените реформи и модернизацијата на молдавските вооружени сили се одвива преку Процесот на планирање и контрола (PARP), започнат од 2015г., со асистенција во рамките на



Преку Програмата за зајакнување на военото образование (DEEP), НАТО има советодавна улога во градењето, развојот и реформите на образовните институции, со цел создавање професионален воен систем на образование, преку понуда на универзитетско образование и специјализирани курсеви од страна на Воената академија и Центарот за континуирана обука на Молдавија



Иницијативата за градење одбранбени и безбедносни капацитети (DCB). Реформските проекти, наведени во PARP-от, вклучуваат обука,логистичка поддршка и подобрување на структурите за командување и контрола. Целите на одбранбените реформи, наведени во документот, се ажурираат на секои две години преку исполнување на одредени Партнерски цели (PGs).

Преку Програмата за зајакнување на военото образование (DEEP), НАТО има советодавна улога во градењето, развојот и реформите на образовните институции, со цел создавање професионален воен систем на образование, преку понуда на универзитетско образование и специјализирани курсеви од страна на Воената академија и Центарот за

Една од целите на реформата на одбраната, наведена и во IPAP програмата, е и потребата од стимулирање на вработувањето на цивили во Министерството за одбрана и развој на механизми со кои би се привлекувал најсоодветен персонал за вработување во институцијата



континуирана обука на Молдавија.Со Концептот за оперативни способности (OCC), директно се придонесува кон зголемување на нивото на интероперабилност на молдавските вооружени сили и исполнување на НАТО стандардите, со цел нивно целосно оспособување за учество во мировни или операции за менаџирање со кризи, предводени од НАТО. Во состав на силите KFOR на Косово,Молдавија придонесува со пешадиски вод и тим за деминирање.

## Одбранбени реформи

Реформите во одбраната се тековен процес во Молдавија. Повремен застој предизвикува недостигот на финансиски средства за реализација на одредени проекти. Цели кои се воспоставени со овој процес се: создавање доволно дефанзивни способности преку формирање и постојано оддржување на доволно сили, обучени согласноНАТО стандардите, способни да реагираат соодветно на сегашни и потенцијални ризици и закани по безбедноста на земјата и реструктуирање и модернизирање на воените сили. Овие цели би се реализирале со: редимензионирање на ВС; професионализирање на воениот персонал; модернизација истандардизирање на обуката (потребна за извршување мисии и задачи); функционалнооддржување на вооружувањето и опремата и зголемување на нивниот квалитет со модернизирање и набавка на нова, модерна опрема.

Една од целите на реформата на одбраната, наведена и во IPAP програмата, е и потребата од стимулирање на вработувањето на цивили во Министерството за одбрана и развој на механизми со кои би се привлекувал најсоодветен персонал за вработување во институцијата. Соодветно на ова, се наметнува и потребата и за задржување на веќе вработен персонал, кој по стекнување на некакво искуство во странство, си заминуваат од институцијата. Оваа појава е резултат на фактот дека платите во МО се пониски во споредба со јавниот сектор и воените лица во армијата.

Набавката на нова и оддржувањето на постојаната воена опрема, Молдавија го гледа како приоритет во нивните барања за помош од меѓународните донатори.

Молдавија активно учествува во НАТО програмата „Науката за мир и безбедност (SPS)". Ова учество вклучува соработка во областа на менаџирање со хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарен материјал.

Програмата, исто така, вклучува и соработка во областа на cyber-одбраната, граничната безбедност и борбата против тероризмот.

Покрај тоа, Програмата е од помош на напорите на Молдавија за воспоставување на cyber-лабораторија. Лабораторијата би имала цел да функционира како тренинг центар за државни службеници и за воени лица вработени во МО и во сродните институции за национална безбедност. Реализацијата на овој проект започнал кон крајот на 2016 г. и истиот би се поврзал со Лабораторијата за е-истражувања и образование за потребите на cyber-одбраната од составот на Молдавскиот технички универзитет. Проектоте е поддржан од НАТО, Естонија и САД.

Втор проект на НАТО, кој започнал со реализација на крајот од 2016 г., а кој е поврзан со техничката воена соработка, е создавање на тим за одговор на компјутерски вонредни ситуации.Тимот би ги спречувал кибернетичките закани и би ја зголемил електронската заштита на критичната воена инфраструктура.

М.С.



# Свечена заклетва на септемвриската класа професионални војници

Во касарната во Велес, „Алексо Демниевски-Бауман“, на 25 септември свечена заклетва дадоа 67 професионални војници во Армијата на Република Северна Македонија, меѓу кои и девет девојки, примени на последниот конкурс за професионални војници. Тие ќе се обучуваат за професионални војници во наредните три месеци. Во наредниот период професионалните војници ќе се соочат со совладување на предвидените содржини на основната борбена обука, како и со основната стручноспецијалистичка обука, кои ќе се реализираат во Центарот за индивидуална обука – ЦИО. По успешно завршената обука, која секојдневно ќе ја оценуваат искусни стерешини од Армијата, кандидатите ќе бидат распоредени, односно ќе бидат вработени во некоја од единиците на Армијата во земјава. Од 67 професионални војници, 19 од нив се испратени на обука во Гардата на Армијата која е во Касарната „Илинден“ во Скопје, а останатите 48 војници се обучуваат во ЦИО, Центарот за индувидуална обука, кој е во склоп на КОД, Командата за обука во велешката касарна. На свеченоста присуствуваше бригадниот генерал Методи Хаџи-Јанев, командант на Командата за обука и доктрини, и началникот на штабот од Командата за операции, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски. Успешна обука на професионалните војници им посака и командантот на ЦИО, потполковник Виктор Еркиќ. Тој во своето обраќање истакна дека главен предизвик во наредниот период ќе биде совладување на предвидената обука и дека со професионалните војници ќе работат искусни старешини кои максимално ќе се заложат за да им ги пренесат своите знаења. Потполковникот Еркиќ посочи и дека целокупниот труд, успех и ангажирање ќе бидат следени и вреднувани.

А. Д.



# Армијата се подмладува со нови професионални војници

На 14 октомври министерката за одбрана Радмила Шекеринска на Воениот стадион ги посети кандидатите за професионални војници, каде што се вршеа физички проверки. Министерката Шекеринска истакна дека вложувањата изминативе три години во Армијата, особено зголемувањето на платите, подобрувањето на условите за работа, враќањето на довербата, резултираа на овој конкурс да има околу 1800 пријавени кандидати за 200 места. „Првиот конкурс пред 3 години на кој што баравме 125 професионални војници собра некаде околу 200 кандидати и беше тешко од тие кандидати да се најдат луѓето коишто ги исполнуваат сите услови. Три години поминаа, вложувавме во Армијата, вложувавме во одбраната, и затоа на почетокот на годината за 70 места имавме 700 кандидати. Сега кога распишавме конкурс за 200 војници, добивме над 1800 кандидати, а тоа покажува дека Армијата ќе се подмладува и дека Армијата може да се подмладува само ако вложите во повисоки плати, во подобра опрема, во подобар имиџ и, се разбира, ако вложите во подобри шанси за сите оние коишто работат во Армијата“ – истакна министерката Шекеринска. Таа додаде дека зголемениот интерес на младите да пристапат во Армијата е резултат и на нашето членство во НАТО, а со поголем број кандидати, Армијата ќе добие квалитетен кадар.„Армијата секогаш ја враќала довербата во неа, успевала да одговори и на задачите и во најтешки околности, меѓутоа сега покажавме дека државата си ги цени своите војници, своите офицери и младите луѓе од сите етнички заедници – и мажи и жени, тоа го покажаа со овој интерес. Јас очекувам и се надевам дека и следната година на ист начин ќе го зголемиме и интересот за запишување на Воената академија и на тој начин ќе го подмладиме не само војничкиот, туку и офицерскиот состав на Армијата“ рече министерката Шекеринска. За професионалните војници со најдобри резултати, Владата и Министерството за одбрана овозможуваат напредување во кариерата – можности за обука во странство, обуки во рамките на НАТО програмите, шанси да учествуваат во некои од НАТО предводените мисии, како и мисии предводени од ООН и од ЕУ.







# Свечено одбележан Денот на Командата за операции

Командата за операции (КО) со свеченост го одбележа денот на единицата во кумановската касарна „Боро Менков“. Во согласност со здравствените протоколи, припадниците на Командата го одбележаа денот кој е поврзан со историските настани, овојпат со почетокот на Кресненското востание. Свеченоста е момент кога се сумираат резултатите од сработеното. Овојпат, горди на успехот од приемот во НАТО Алијансата, челниците на македонската армија не го криеја задоволството од сработеното

На свеченоста по повод Денот на Командата за операции пред присутните се обрати началникот на Генералштабот на АРМ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, кој во говорот истакна дека годинава се остварила стратегиска цел, стремеж за која е работено од самостојноста на државата, додавајќи дека Командата за операции успешно се справува со предизвиците на колективниот систем за одбрана и  е носител на традициите на Кресненското востание кои се негуваат и се надградуваат. „Покрај предизвиците пред кои сè уште сме исправени, сè уште актуелната состојба на јужната граница и здравствената криза предизвикана од пандемијата со Ковид 19, успешно го спроведуваме процесот на трансформација на армијата и интеграција во Алијансата. Вашите команди и единици со успех ги реализираат сите поставени задачи со висок степен на професионализам, за што сум особено горд како еден ваш поранешен припадник“, рече во говорот генерал-потполковник Ѓурчиновски. Тој го честиташе Денот на Командата за операции и повика со мотивираност, чесност, тимска работа, лојалност и ефикасност, и во иднина да се исполнат претстојните задачи. „Заедно ќе ги оствариме националните интереси и ќе го исполниме она што од нас се очекува“, рече генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски
Пред присутните се обрати и командантот на КО, генерал-мајор Павле Арсоски, кој рече дека периодот помеѓу двата празници бил динамичен, исполнет со предизвици, трансформација на командите и единиците. И тој потсети на приемот во НАТО Алијансата и нагласи дека Армијата била предводник на усвојувањето на стандардите. Во говорот, Арсоски се осврна и на пандемијата. „Единиците со кои командуваме се ставија во поддршка на МВР и на останатите државни институции, како и на локалната власт во справувањето со последиците на вирусот Ковид 19. Ги распоредивме нашите сили во Дебар, ги поддржавме силите на МВР во обезбедувањето на карантините и на државната граница и асистиравме во спроведувањето на мерките на ЈРМ низ повеќето градови во републиката. Бевме активни во општинските кризни штабови, а денес, тука во Куманово, можам да истакнам дека начинот на соработка со локалната власт во Куманово, позитивната реакција на граѓаните и резултатите од тој здружен напор, беа пример којшто се обидовме да им го пренесеме и на другите загрозени региони и градови. Годинава изминува и нашето општество сè уште се бори со пандемијата. Очигледно е дека сите сме принудени да го менуваме начинот на живот и погледот кон истиот. Единиците на Командата за операции се подготвени да одговорат на секој предизвик и на секое побарување за асистенција и заштита на нашите граѓани и институции“, рече генерал-мајорот Арсоски. Тој најави дека како армија на држава членка на НАТО Алијансата, ќе продолжат со трансформација и реформи и дека и покрај предизвикувачките рокови, тие се подготвени за резултати. На прославата присуствуваа и заменикот на министерот за одбрана, Башким Хасани, државниот секретар во Министерството за одбрана, Драган Николиќ, поранешни команданти на оваа команда, претставници од Министерството за одбрана и Генералштабот, воени аташеи и претставници од локалната самоуправа. На свеченоста беа унапредени некои припадници на Командата и беа прочитани стимулативни мерки за дел од припадниците.

Александра Максимовска



# Заеднички активности

Од почетокот на септември, во рамките на вежбата „KFOR-27“ во која учествуваа американски единици од составот на KFOR од Косово и единица од Вториот баталјон на 1. пешадиска бригада (1.пбр), па сè до половината на септември оваа година, тим за цивилно-воена соработка (ЦВС) од 1.пбр, претставници од американскиот Civil Affairs Team (CAT) при американската Команда за Европа во Германија, и претставници на ODC при американската Амбасада во Скопје со асистенција на Црвениот крст од Неготино, реализираа низа активности од доменот на ЦВС во населените места во близина на армискиот полигон (АП) Криволак.

Заедничките активности на сите субјекти беа утврдени на неколку кратки состаноци и



Американски единици од составот на KFOR од Косово и единица од вториот баталјон на 1. пешадиска бригада (1.пбр) од Армијата на Република Северна Македонија, Тимот за цивилно-воена соработка (ЦВС) од 1.пбр, претставници од американскиот Civil Affairs Team (CAT) при американската Команда за Европа во Германија и претставници на ODC при американската амбасада во Скопје, со асистенција на Црвениот Крст од Неготино, во текот на септември реализираа низа активности од доменот на цивилно-воената соработка во населените места во близина на армискиот полигон (АП) Криволак

видеоконференции во месец август, на началниците на секциите за ЦВС од Генералштабот на Армијата, Командата за операции (КО) и 1.пешадиска бригада (1.пбр) со претставници од СА тимот при американската Команда за Европа во Германија и претставници на ODC при американската амбасада во Скопје. После кратка подготовка на теренот, ЦВС извидување и состаноци со градоначалникот на Неготино, Здравствениот дом во Неготино, Црвениот крст од Неготино и други институции и организации од Неготино и околината, од страна на тимот за ЦВС од 1.пбр точно беа утврдени и датумите за реализација на ЦВС активностите.
Имено, на 16.09.2020 година беа реализирани неколку ЦВС активности во градот Неготино.
Во претпладневните часови беше реализирано чистење на околината околу спортската сала и кејот на реката во Неготино. Во оваа активност учествуваа неколку војници од 2. пешадиски баталјон од Штип, СА тимот од американската Команда за Европа во Германија, претставници на американското катче од Штип и од Скопје и Комуналното јавно претпријатие од Неготино.
По завршувањето на еко акцијата, по повод Денот на 2.пб, 17 Септември, од страна на македонскиот ЦВС тим на Црвениот крст од Неготино му беше донирана облека, а во Центарот за деца со посебни потреби во Неготино беа донирани маренди и школски прибор, собрани од војниците на Вториот баталјон.
Во попладневните часови беше реализирана донација на анти COVID заштитни средства (500 маски и 500 средства за дезинфекција на раце) на Здравствениот центар во Неготино.
На 17.09.2020 година од 09.00 до 11.30



часот, на плоштадот во Неготино, со асистенција на волонтери од Црвениот крст во Неготино, директно на граѓаните на Неготино им беа поделени анти COVID заштитни средства (1000 маски и 1000 средства за дезинфекција на рацете).
Во попладневните часови, од 16.00 – 17.00 часот, директно беа поделени анти COVID заштитни средства (500 маски и 500 средства за дезинфекција на рацете) на жителите на селото Криволак, а од 18.00 – 19.00 часот, исто толку анти COVID заштитни средства им беа поделени и на жителите на село Пепелиште.  И овие активности беа реализирани со асистенција на волонтерите на Црвениот крст од Неготино.
Тимот за ЦВС и СА тимот од американската Команда за Европа во Германија, реализираа и средби со градоначалниците на општина Конче и Штип, со цел изнаоѓање на ЦВС проекти во населените места во овие општини кои треба да се реализираат во рамките на вежбата „Одлучен удар", која треба да се реализира во првата половина на наредната година.
По реализацијата на активностите, при извршената анализа со сите учесници, од страна на американскиот СА тим беше изразена голема благодарност до Тимот за ЦВС од 1.пбр за организацијата и реализацијата на сите активности, за што на сите членови на ЦВС тимот и на Црвениот крст од Неготино им беа доделени плакети за исклучителната посветеност и професионалност во извршувањето на задачите.
По заминувањето на американскиот СА тим, Тимот за ЦВС од 1.пбр, во месец октомври продолжува со ЦВС извидувањето во регионот на Неготино за изнаоѓање на ЦВС проекти во населените места околу АП Криволак кои, исто така, ќе бидат реализирани за време на вежбата „Одлучен удар-21".

м-р Симеон Митрев





# Слободата на говор VS насилниот екстремизам

Верскиот екстремизам досега успеа да протера илјадници прогонувани христијани од Блискиот Исток кон западните демократии. Овој тренд на верски екстремизам, исто така, успеа многу недолжни европски граѓани да ги претвори во затвореници, односно луѓе коишто се принудени да се криjат во своите земји, осудени на смрт и принудени да живеат во непознати краишта, далеку од очите на нивните семејства и нивните пријатели

Во 2015 година во Париз, во канцелариите на сатиричното списание „Шарли Ебдо“, 12 лица беа убиени од страна на милитантни исламисти, на кои во моментов им се суди. Четиринаесет лица, од кои тројца во отсуство, се соочуваат со различни обвиненија за помагање во организирањето на нападите во кои загинаа 17 лица во регионот на Париз. Доколку бидат прогласени за виновни, обвинетите се соочуваат со низа казни, вклучително и доживотен затвор за соучество во тероризам, 20 години затвор за соучество во терористичка организација или 10 години затвор за соучество во организиран криминал. Судењето, кое започна на 2 септември, се очекува да заврши во ноември 2020 година. Непосредно пред нападот во 2015 година, директорката на „Шарли Ебдо“, Марика Брет, не се вратила дома. Всушност, таа повеќе нема свој дом. По сериозни закани со смрт од страна на милитантни екстремисти, таа буквално беше протерана од сопствениот дом. Според насоките од страна на француските безбедносни служби, таа морала да биде ексфилтрирана, за што е информирана и јавноста, со цел да биде запозната за заканата од екстремизам во Франција. Таа живее со полициска заштита речиси пет години. Итно добила специфични насоки: за десет минути да се спакува и да ја напушти куќата. Според неа француската левица ја изгубила битката за секуларизам во Франција. Од почетокот на судењето на лицата обвинети за извршените убиства во „Шарли Ебдо“ во 2015 година, а особено по обновеното објавување на цртаните филмови со Мухамед , „Шарли Ебдо“ доби серија на закани од секаков вид, вклучително и од терористичката организација „Ал Каеда“. „Ал Каеда“ упати нова закана во која потенцира дека нападите врз „Шарли Ебдо“ од 2015 година можат да бидат повторени. Денес, преземените безбедносни мерки во сатиричното списание се на највисоко ниво. Адресата на седиштето на списанието е тајна, пристапите се обезбедени, инсталирани се блиндирани врати и прозорци и 85 полицајци се ангажирани за да ги заштитат вработените во списанието.
Ваков случај за прв пат е забележан во 2006 година со професорот по филозофија Роберет Редекер од



Тулуз, кој објавил колумна во која имал забелешки за екстремистичките активности. Веднаш потоа добил директни закани по неговиот живот и од тогаш е во бегство, односно под полициска заштита. Во меѓувреме, францускиот претседател Емануел Макрон го одбрани правото на сатиричниот весник „Шарли Ебдо“ за слободата на изразување. Тој јасно кажа дека богохулењето не е кривично дело. Според него законот е јасен: тој дозволува да се критикува и да се прават карикатури на сметка на религиите. Државните закони не се морални закони, а тоа што е забрането е да се поттикнува омраза и да се напаѓа достоинството. Првиот ваков настан кој имаше правна завршница се случи во 2007 година. Судот пресуди дека во Франција е можно да се навредува религија, нејзините фигури и нејзините симболи, а забранета е навредата на оние кои што ја следат религијата. Меѓутоа, мерките преземени од страна на француските власти, сепак, изгледаат безопасно, во споредба со моќта и влијанието на екстремистичкото насилство и заплашување.

Верскиот екстремизам досега успеа да протера илјадници прогонувани христијани од Блискиот исток кон западните демократии. Овој тренд на верски екстремизам, исто така, успеа многу недолжни европски граѓани да ги претвори во затвореници, односно луѓе коишто се принудени да се кријат во своите земји, осудени на смрт и принудени да живеат во непознати краишта, далеку од очите на нивните семејства и нивните пријатели. Во 1989 година, ајатолахот Рухолах Хомеини нареди смрт на Салман Ружди, индиски писател и британски граѓанин, за навреда на „исламската светост“ во неговиот роман „Сатанските стихови“. Оттогаш Ружди и неговата сопруга живеат во страв и се кријат во Велика Британија, родната земја на Ружди. Тие се под целосна полициска заштита и досега се преселени 56 пати на различни безбедни локации. За нив вообичаените социјални активности како  шопинг, филмови, друштво со пријателите се невозможни. Тие имаат лажен идентитет, а нивните животи се претворија во доживотен затвор без решетки. И покрај тоа што Хомеини сега е мртов, официјален Иран изјави дека дека смртната закана против Ружди нема да биде укината. Сè додека остане во сила, ќе има фанатици кои ќе бидат желни да го извршат неговото убиство, бидејќи сега веќе починатиот духовен водач остави фатва, за сигурно место во рајот за оној којшто ќе успее да го стори тоа. Затоа Салман Ружди е принуден да живее во постојан страв во подземјето, знаејќи дека ако повторно се врати во нормален живот, веројатно врз него ќе се изврши најпримитивната форма на одмазда. Иранските гласноговорници сметаат дека ова не претставува државен тероризам, туку религиозен императив. Меѓутоа, оваа закана од државниот тероризам е јасна и засекогаш ќе остане неоправдана, не само кон еден човек, туку и кон целото цивилизирано општество.

Во 2004 година беше убиен режисерот Тео ван Гог, а на неговото тело беше оставен лист од хартија на која беше напишано името на холандскиот парламентарец Герт Вилдерс – личност којашто треба да биде следна жртва.




Во 2004 година беше убиен режисерот Тео ван Гог, а на неговото тело беше оставен лист од хартија на која беше напишано името на холандскиот парламентарец Герт Вилдерс – личност којашто треба да биде следна жртва. Холандскиот парламентарец Герт Вилдерс од 2004 година е под постојан полициски надзор и живее во безбедни куќи. Тој, во една прилика изјави: „Јас сум во затвор, а тие шетаат слободно “

Холандскиот парламентарец Герт Вилдерс од 2004 година е под постојан полициски надзор и живее во безбедни куќи. Тој, во една прилика изјави: „Јас сум во затвор, а тие шетаат слободно “. Пред десет години, репортерката на американскиот весник „Сиетл викли“, Моли Норис, во солидарност со загрозените креатори на телевизискиот цртан филм „Саут парк“, исто така, нацрта карикатура на Мухамед.  Во следниот број на списанието беше објавено дека Моли Норис нема да биде вклучена во работата на списанието, затоа што по наредба на безбедносните агенти на ФБИ, таа ќе мора да се




пресели и да го смени нејзиниот идентитет.

Данскиот весник „Јиландс постен“, за прв пат во 2005 година отпечати цртани филмови со пророкот Мухамед. Кога „Шарли Ебдо“ ги објави карикатурите на пророкот на својата прва страница, данскиот весник одби да го направи тоа. Уредникот кој ги објавил цртаните филмови во „Јиландс Постен“, Флеминг Роуз, сè уште е придружуван од телохранители, а во една прилика изјави дека навистина се восхитува на храброста на „Шарли Ебдо“ и ги смета за херои кои не подлегнале на заканите и насилството. Меѓутоа, за жал, сатиричниот весник „Шарли Ебдо“ доби ограничена поддршка. Ниту едно списание во Франција или во Европа нема храброст за слобода на говор како „Шарли Ебдо“. Поради недостаток на системска заштита се губи слободата на говор преку една подмолна форма на автоцензура.

Очигледно е дека милитантните екстремисти уживаат монопол и имаат контрола над верниците и толкувањето

Данскиот весник „Јиландс постен“, за прв пат во 2005 година отпечати цртани филмови со пророкот Мухамед. Кога „Шарли Ебдо“ ги објави карикатурите на пророкот на својата прва страница, данскиот весник одби да го направи тоа. Уредникот кој ги објавил цртаните филмови во „Јиландс Постен“, Флеминг Роуз, сè уште е придружуван од телохранители, а во една прилика изјави дека навистина се восхитува на храброста на „Шарли Ебдо“ и ги смета за херои кои не подлегнале на заканите и насилството




на верата. Сè додека не се прекине овој монопол нема да успееме да се соочиме со оваа закана. Клучот за тоа вклучува и заштита на слободата на говорот, но притоа не треба да биде загрозена и верската слобода. Голема умешност е да се унапредува слободата на говор, а притоа да не бидат нарушени и верските вредности. Токму оваа перцепција на проблемот во своја полза ја користат милитантните терористички организации како „Исламската држава“, „Ал Каеда“ и други насилни екстремисти.

Од една страна промовирањето на верската слобода ненамерно може да послужи како засилувач на насилниот екстремизам, но од друга страна, под услов внимателно да се управува, може да послужи и како противтежа. Не постои лесен пат за воспоставување рамнотежа помеѓу слободата на говор и верската слобода. И за двете клучен предуслов е заштитата на слободата на говорот. Луѓето треба да можат слободно да се изразуваат, но притоа и религијата да биде ценета во целост. Општо земено, луѓето се чувствуваат многу непријатно кога се поставуваат критични прашања за доктринарни научни, филозофски, политички или други мислења. Оваа реалност ја комплицира поимот богохулење. За верските екстремисти богохулењето стана оружје за замолчување на оние што се осмелуваат да се сомневаат во воспоставената религиска догма. Проблем претставува моментот на линијата на преминување на традиционалните религиозни норми кон екстремистичките исламистички идеи. Овој простор е толку флуиден што речиси е невозможно да се направи граница помеѓу нив. Многу е тешко да се утврди кога одредено лице практикува традиционална религија и кога ќе премине во екстремизам. Заедничкиот именител помеѓу нив е нетолеранцијата

за спротивставените ставови. За среќа верските екстремисти претставуваат мал број на политички чинители во општествата каде што мнозинството се муслимани, а повеќето луѓе не се согласуваат со нивниот насилен пристап. Сепак, преку практикување и толкување на верата тие делат многу исти цели. Во редовите на верските екстремисти има голем број нивни религиозни и политички поддржувачи кои несвесно им помагаат во јакнење на милитантната исламистичка доктрина.
Сè почесто слушаме повици за потребата од „модерни толкувања“ на религијата. Но, тие напори немаат плод, во најголем дел поради доминацијата на средновековните религиозни учења коишто се надвор од нивниот пат и тоа претставува тешко богохулство. Постои огромна потреба да се разбие овој монопол над религијата. Екстремистичките идеи треба ефективно да се оспорат со спротивставени издржани размислувања, но истите тешко можат да го освојат теренот поради недостаток од јавна дебата и отворена дискусија. Ова е вака затоа што луѓето се плашат отворено да разговараат поради страв за сопствениот живот. Тие се свесни дека државните закони не можат да ги заштитат. Значи, потребно е да се обезбеди безбеден простор за јавен дијалог за спорните прашања.
Доколку западните демократии сериозно размислуваат за зајакнување на мерките во борбата против насилниот екстремизам и за заштита на својот народ од глобалниот тероризам, еден од приоритетите треба да биде и демократизација на слабите држави на Блискиот Исток. Додека тоа не се случи, промовирањето на слободата на говорот и верската слобода во борбата против тероризмот ќе биде залудна.
За да бидат успешни напорите за борба против тероризмот, терористите мора да се маргинализираат од пошироката популација за која тврдат дека ја претставуваат. Терористичките организации умираат кога државата не реагира прекумерно, кога веќе нема да бидат во можност да регрутираат нови членови и кога пошироката популација ќе се сврти против нив. Од друга страна, противтерористичките политики кои прават дискриминација врз основа на религијата и ја ограничуваат верската слобода и слободниот говор имаат спротивен ефект, односно обичниот човек го насочуваат да се приклучи кон насилните екстремистички организации. Во една ваква средина верските екстремисти многу лесно ќе регрутираат нови следбеници, а сето тоа преку ширење на пораката дека нивната вера е загрозена и дека насилството коешто го преземаат е оправдано.
Како и да се земе предвид, потребна е заштита на слободниот говор. Тоа е клучот за вистински да го демонтираме феноменот познат како верски или насилен екстремизам. Слободниот проток на идеи е единственото ефективно оружје против него. Екстремистичките идеи имаат тенденција да бидат многу поедноставени и не можат да се натпреваруваат во јавниот простор каде што би се воделе жестоки дебати и дискусии. Предноста на екстремистите во однос на наративот е стекната исклучиво поради недостигот на такви јавни дебати. Со промовирање на слободата на говорот, екстремистите ќе бидат ставени во дефанзива. Тоа ќе биде еден процес преку кој со текот на времето, нивните екстремистички ставови ќе станат пасивни. Доколку постои политичка волја и геополитички интерес, државите без проблем можат треба да ја промовираат и да ја заштитуваат слободата на говорот.



д-р Ненад Танески





# Трајко Пешевски

Во низата македонски пилоти кои учествувале во создавањето на воената авијација на овие простори, борејќи се истовремено и за создавање на сопствена држава со сопствен и независен идентитет, спаѓа и Трајко или Трајче Пешевски. Роден е во село Миладиновци, недалеку од Скопје, близу до воениот аеродром Петровец, каде што биле лоцирани еден дел од аеропланите на 3. воздухопловен полк на некогашното југословенско кралство

Трајче Пешевски спаѓа во групата кои учествувале во завршните борби од Втората светска војна за ослободување на државата од фашистичкиот окупатор, а со тоа и во создавањето на тогашната Народна Република Македонија во нејзин состав. Завршните борби се одвивале на т.н. Сремски фронт, во содејство со мешовитите воздухопловни сили од тогашниот СССР. Во текот на месец март, 1944 г. е постигнат договор со тогашниот Советски Сојуз за соработка на полето на военото воздухопловство. Договорот опфаќал обезбедување авиони, нивно вооружување и обука на наши пилоти, како и учество на руски пилоти и авиони во борбата против заедничкиот непријател. Овој договор, иако започнал да се реализира дури во текот на месец септември, имал огромна улога во формирањето на новото југословенско воено воздухопловство. На 21 септември 1944 г., на директна средба на претседателите на двете држави, Тито и Сталин, било прецизирано вооружувањето и опремата на две воздухопловни дивизии со соодветни заднински единици и установи. Од оваа опрема и вооружување, подоцна се формирани нашите дивизии, полкови, ескадрили итн. На истиот состанок бил постигнат и договор за координација на дејствата на НОБ и единиците на руската Црвена армија на територијата на тогашна Југославија.

И токму во оваа историска воена сторија влегува и Трајко Пешевски, роден во с. Миладиновци крај Скопје, израснат во Велес, каде што завршил и основно образование. Се школувал во подофицерска школа, а подоцна и во пилотската школа на Кралското воздухопловство во Рајловац каде што стекнал летачко искуство на авионите од типот „Поликарпов По-2", „УТ-2", и „Бреге XIX". Како истакнат пилот тој учествувал и во првите воздушни активности на тогашната држава. Истакнувајќи се со својата смелост, пилотска умешност и знаења, а по одлука на тогашната Команда на НОБ, тој влегува во групата на пилоти-создавачи на новото југословенско

воено воздухопловство, кој бил испратен на дооспособување во Украина во тогашниот СССР. Таму, за помалку од една година, добива дообука на руските авиони од типот „Јаковљев Јак-1“ и „Иљушин Ил-2“. Престојот во СССР Трајко максимално го искористил за стекнување нови воздухопловни вештини, но и нови доктрини за воени извидувања, гаѓање, ракетирање и бомбардирање од воздух, како и за водење воздушни битки. На руските простори, Трајко Пешевски е заедно но и раздвоено од своите македонски собраќа-пилоти,Спасен Заревски, Васко Ивановски, Благоја Козаровски, Владимир Вејновиќ и Добри Петровски (сите од Скопје). Со успешно завршената обука во СССР, заедно со другите југословенски и руски пилоти, кон крајот на март 1945 г., со прелет на авиони, притаено и во сложени метеоролошки услови, пристигнале на просторот на тогашната југословенска држава, која во тоа време го подготвувала финалниот удар врз непријателот на Сремскиот фронт.

На 12 април 1945 г, денот на пробивот, во 6.40 часот, сите расположиви авиони од типот „Јаковљев Јак-1“ и „Иљушин, Ил-2“, популарно именуван како „Штурмовик“ или „Летачки тенк“, во мешовит состав од руско-југословенски пилоти, тргнале во фронтален напад врз непријателските гнезда. Напред летале јуришните бомбардери од типот „Ил-2“, во одделение од 4 авиони , а по нив и одделение од авионите-ловци од типот „Јак-1“. Распоредот на пилотите бил направен по принципот еден наш, па по него еден руски пилот, и така натаму. По доаѓањето на непријателските позиции, први го испразниле својот арсенал авионите од типот „Ил - 2“, а потоа и авионите од типот „Јак-1“. Биле направени по два такви напада. Во двата воздушни напади учествувал и Трајко Пешевски како пилот-ловец на авионот од типот „Јак-1“, како припадник на 113. ловечки полк. Во тој напад настрадал пилотот Добривоје Милановиќ, кој е урнат во с. Бело Брдо, а пилотот Тодор Станковиќ принудно слетал во селото Лалиќ. Двата авиони биле соборени поради оштетување на моторот. Авионот со кој пилотирал Пешевски успешно се вратил на појдовниот аеродром, бил дополнет со гориво и повторно вооружен. Целосно подготвен, Пешевски повторно летнал кон вториот напад на непријателските авиони. Повторно, митралеските напади ги остварувал со неприкосновена прецизност кон непријателските позиции. Но, во моментот кога го активирал авионскиот топ, тој експлодирал, при што бил оштетен и авионот. И покрај тоа, тој успеал неповреден да се врати на појдовниот аеродром.

На овој фронт, во текот на првиот ден на пробивот на фронтот биле реализирани околу 250 борбени летови со 89 летови од југословенски пилоти од составот на 111., 112., 113., 421., 422. и 423. воздухопловен полк. Малкумина од пилотите од овие воздухопловни полкови на тој фронт учествувале во двата реализирани напади. Меѓу нив се: Андрија Брајовиќ, Ѓорѓе Ѓуришиќ, Светозар Петровиќ, Борис Кочак, и македонските пилоти Спасен Заревски од Скопје и Трајко Пешевски од Велес. Велат дека битката ја добиваат оние коишто цврсто решиле да ја добијат!

Трајко Пешевски, минувајќи ја својата професионална кариера во военото



воздухопловство на поранешната заедничка држава СФРЈ, своите пензионерски денови ги живеел во СР Македонија, но не ја доживеа самостојноста на Република Македонија и достојната почит кон неговиот лик и дело. Во текот на педесеттите години на минатиот век, тој беше избран да раководи и со велешкиот аероклуб. Во оваа работа тој вложуваше огромна љубов, напори и желба. И покрај тоа, Велес остана без сопствен аероклуб и аеродром, а Трајко Пешевски остана без соодветната почит, но и без сочувани, селектирани и документирани лични податоци и дела, како и соодветни признанија.

Ѓорѓи Чачкиров

**Авион „Бреге XIX“**

Некогашното југословенско кралство уште во текот на 1924 г. направило нарачка за 150 авиони од типот „Бреге XIX“ (оригинално: Breguet XIX), кој бил од француско производство. Најголемиот дел од авионите биле наменети за 3. воздухопловен воен полк лоциран во Скопје. Паралелно со нарачката на овие авиони е направен и договор за нивно лиценцирано производство во новоотворената фабрика во Краљево (Србија). Првите авиони од таа фабрика биле испорачани во текот на 1928 година. Овој авион бил наменет за обука, извидување и како лесен бомбардер. Поради неговите добри летачки и технички карактеристики тој бил мошне префериран авион од пилотите. Бреге XIX бил едномоторен биплан со екипаж од двајца или тројца. Истиот бил изграден од целосно метална конструкција, делумно покриена со ткаенина. Користел повеќе видови мотори, а најчесто го користел моторот од типот „ Лорен – Дитрих“ со моќност од 400 – 450 КС. Авионот развивал максимална брзина од 241 км/час, а достигнувал максимална височина од 7.200 м. Имал растојание на крилото од 15,91 м, должината на авионот била 9,51 м, со полетна тежина 2500 кг. Празен авионот тежел 1540 кг, а максимална тежина на полетување му била 3000 кг. Носел 10 до 12 бомби со вкупна максимална тежина од 400 кг.





# Историја на македонското Воено воздухопловство – (од 2002 година до денес) – II дел

На 28 мај 2002 година, на воениот полигон „Чојлија“, на јавноста официјално ѝ била претставена елитната единица на Военото воздухопловство 501. падобранско-диверзантски одред познат како „Соколи“. Настанот бил одбележан со претставување на оружјето и опремата со кое располагала единицата, со демонстрација на дејствување и отварање оган од хеликоптерите „Ми-8МТ“ и „Ми-24В“, а завршил со изведување на падобрански скокови. За време на мир, задачите биле пребарување, спасување и медицинска евакуација. Во случај на природни непогоди и масовни несреќи би биле вклучени во хуманитарни цели. Со формирањето на 501. Падобранско-диверзантски одред се појавила потреба за набавка на транспортен авион. Соработката помеѓу Министерството за одбрана и аероклубот „Доне Божинов“ од Куманово резултирала со потпишување на договор според кој еден транспортен авион Антонов „Ан-2“ е отстапен на македонското ВВ. Авијацискиот баталјон се трансформирал во Воздухопловен ВИНГ односно Воздухопловна извидувачко-напаѓачка група во состав на Командата на ВВ и ПВО. Со понатамошните реформи во воздухопловството, 501. Падобранско- диверзантски одред се расформирал. Дел од припадниците на одредот биле префрлени во Полкот за специјални операции.

Мисијата на македонското Воено воздухопловство е да обезбедува воздушна поддршка и транспорт на единиците на Армијата, набљудување на воздушниот простор, да обезбеди целосен суверенитет на државниот воздушен простор,како и учество во операции за поддршка на мирот надвор од државата, а при елементарни непогоди и катастрофи да врши цивилно пребарување и спасување, гаснење на пожари и медицинска евакуација. За безбедноста на воздушниот простор на Република Северна Македонија се грижи грчкото воено воздухопловство откако е склучен договор за Air Policing

Во пролетта 2003 година во Министерството за Одбрана донесена е одлука според која во АРМ веќе нема потреба од борбените авиони „Сухој Су-25“. Во почетокот на 2004 година во Воздухопловниот ВИНГ пристигнуваат три нови школски авиони, два „Злин 242Л“ и еден четворосед „Злин 143“. Во 2004 година борбените авиони „Су-25“ заедно со неколку хеликоптери,

го направиле својот последен лет и биле приземјени, конзервирани и избришани од списокот на опрема на АРМ. Процесот на модернизација на ВВ започнал во согласност со стандардите на НАТО. Во насока на модернизација и осовременување на воените воздухоплови, израелската компанија „Елбит системс“ добила буџет од 2 милиони долари од македонската влада за првофазна модернизација на четири хеликоптери. Процесот на модернизацијата бил поделен на две фази, прва фаза „Јасмин“ и втора фаза „Александар“.
Првата фаза од модернизацијата започнала во февруари 2004 година во воздухопловната база Петровец со модернизиране на два „Ми-17“ транспортни хеликоптери (302,303) и два „Ми-24В“ борбени хеликоптери (209,210). Четирите хеликоптери биле модернизирани со надоградување на системот АНВИС/ХУД кој, всушност, претставува извонреден спој на уникатен систем за ноќно летање и на електрооптички дисплеј кој проектира визуелна слика која ги содржи сите неопходни информации кои му се потребни на пилотот за да управува со леталото, без да има потреба да гледа во инструментите во кокпитот. Ваквата модернизација на леталата на пилотите им овозможила поефикасен преглед, управување и дејствување во денски и во ноќни услови на летање. Македонските пилоти се меѓу првите во светот кои имаат можност да го користат системот АНВИС/ХУД. Доказ за успешноста на проектот Јасмин била поедноставната употреба, зголемената ефикасност и 24-часовната оперативност на хеликоптерите. Позитивните искуства стекнати со реализацијата на првата фаза резултирале со потпишување на нов договор помеѓу Елбит Системс и Владата на Република Македонија за втората фаза на модернизацијата позната како проектот Александар во вредност од 22 милиони долари. Модернизацијата на шесте хеликоптери во оваа фаза била многу посеопфатна и посложена постапка за реализација и подразбирала опремување на леталата со НАТО и ИКАО компактибилна комуникациска и идентификациска опрема, овозможување на леталата да дејствуваат ноќе и во сложени метеоролошки услови преку нивно опремување со модерна електрооптичка, ласерска и термална технологија, како и прецизна навигациска опрема, зголемување на времето на употреба на леталата, зголемување на борбената ефикасност и обезбедување квалитетен тренинг за пилотите според НАТО стандардите. Предмет на модернизација за втората фаза биле два „Ми-17“ транспортни, два „Ми-8МТ“ борбено-транспортни и два „Ми-24В“ борбени хеликоптери. Двата транспортни хеликоптери „Ми-17“ со регистрации 302 и 304 биле селектирани за модернизацијата од втората фаза. Со оглед на тоа што хеликоптерот „Ми-17“ со регистрациски број 302 веќе бил опфатен со проектот Јасмин, за да се комплетира втората фаза, како компензација во втората фаза од модернизацијата бил вклучен и еден дополнителен немодернизиран хеликоптер „Ми-8МТ“. Врз истиот најнапред е извршен генерален ремонт, а потоа и модернизиран согласно проектот Јасмин. Двата борбено-транспортни хеликоптери „Ми-8МТ“ со регистрации 307 и 308 биле ремонтирани во украинскиот авиоремонтен завод „АВИАКОН-Конотоп“, и модернизирани со проектот „Александар“. Во рамките на проектот Александар и транспортниот хеликоптер Ми-17, со регистрациски број 304 бил опремен со систем за самозаштита со вградување на уреди за исфрлување на радарски и топлински мамци. Овој хеликоптер со ваквата опрема се сметал за еден од најмодерно опремените хеликоптери во светот.
Најголема новина кај модернизираните два борбени хеликоптери „Ми-24В“ со регистрации 201 и 205 се состоела во нивното опремување со модерен, компактен, повеќенаменски, напреден, стабилизиран, електрооптички систем кој ќе им овозможи виртуелно неограничени можности при 24-часовна борбена употреба. Зголемувањето на тежината на хеликоптерот заради вградувањето на големото количество на нова опрема во хеликоптерот





Од 19 март 2020 година Република Македонија и официјално стана полноправна членка на НАТО. Во воена смисла ова подразбира дека АРМ треба да декларира посебни сили за НАТО, а во стратегијата, меѓу другите единици, спаѓа и хеликоптерски детачмент од 2 транспортни хеликоптери „Ми-8/17

Ми-24В било компензирано со отстранување на сите потсистеми поврзани со системот за употреба на противоклопните насочувани ракети Штурм. На овој начин двата целосно модернизирани хеликоптери „Ми-24В" се лишени од можноста за понатамошна употреба на тој вид вооружување. Проектот предвидувал замена на против оклопните насочувачки ракети Штурм со израелските против оклопни насочувачки ракети „Спајк". Дополнително олеснување на хеликоптерите било постигнато и со отстранување и на непотребниот систем за автоматско бомбардирање. Со проектот „Александар" била разгледувана можноста за дополнително намалување на тежината преку скратување на должината на крилата, преку остранување на дел од оклопот на хеликоптерот, како и преку замена на старите пилотски седишта со нови седишта изработени од лесни композитни материјали. Поради недостаток на финансиски средства,

Во делот за буџет и финансии е констатирано дека Армијата во последните 10 години е несоодветно финансирана. До 2024 година се предвидува дека буџетот ќе достигне 2% од БДП. Ќе се преземат мерки за балансирана распределба на буџетот во одбраната од коишто 20% се планирааат за опремување и модернизација

проектот Александар целосно никогаш не бил реализиран. Реализирањето на двата проекта преставуваат огромен скок за развојот на ВВ. Со ваквите усовршувања и модернизација на воените воздухоплови ВВ се вбројува со најмодерните воени воздухопловства во светот. По завршувањето на двете фази на модернизција и осовременување ВВ






располагало со 10 хеликоптери и тоа:3 транспортни хеликоптери „Ми-17" (еден делумно и два целосно модернизирани); 3 борбено-транспортни хеликоптери „Ми-8МТ" (еден делумно и два целосно модернизирани); 4 борбени хеликоптери „Ми-24В" (два делумно и два целосно модернизирани).

Како резултат на високите стандарди за одржување на леталата, реализираните и тековните програми за модернизација, армискиот ВИНГ конечно прераснал во мала, мобилна и професионална сила која ќе биде обучена, опремена и добро подготвена во согласност со стандардите на НАТО. На први декември 2005 година Воздухопловниот ВИНГ влегол во состав на Здружената оперативна команда. Командата на ВВ и ПВО била укината на 30 декември. На 22 мај 2006 година, Собранието на Република Македонија донело одлука за испраќање на детачмент на АРМ за учество во мировна операција во организација на Европската унија – ЕУФОР во Босна и Херцеговина под името АЛТЕА. Детачментот бил составен од два хеликоптери „Ми-17" со екипажи и технички персонал за основно оддржување. За времетраењето на мисијата од јули 2006 до јули 2008 година биле извршени четири ротации на воениот персонал. Поради извршување на противпожарни мисии, во 2007 година пилотите летале и по 7 часа дневно за неколку дена по ред. Кон крајот на 2007 година од ремонт се вратиле 2 борбени хеликоптери „Ми-24В" (202 и 207), но исто така нивните мотори биле надоградени со што станале погодни за операции на поголеми надморски височини. По завршување на шестмесечна мировна мисија, во околината на Катлановско Блаце на 12 јануари 2008 година, поради лоши временски услови пред слетување на воениот аеродром Петровец, транспортниот хеликоптер „Ми-17" со воена регистрација 304 се урнал. Во незгодата животот го загубиле сите лица кои се наоѓале во хеликоптерот. На 11 мај 2011 година Министерството за одбрана потпишало договор со израелската компанија „Елбит системс" за изградба на центар за обука на пилоти со симулатори за хеликоптерите „Ми-24" и „Ми-17". Симулаторите биле произведени од романската компанија „Симултек" во сопственост на „Елбит системс". Во 2012 година Воздухопловниот ВИНГ се трансформирал во Воздухопловна бригада во составот на Здружена оперативна команда. На 2 март 2014 година на аеродромот Петровец свечено бил отворен и предаден во употреба Центарот за обука на пилоти. Центарот е опремен со најсовремени симулатори и друга техника за обука

на идните пилоти. Денес во светот постојат голем број центри за обука со симулатори за „Ми-17“, па дури и за „Ми-24“, но ниту еден од нив не е опремен како центарот во Петровец. Симулаторот за „Ми-17“ го користат и полициските пилоти бидејќи слични варијанти на „Ми-17“ има и во Хеликоптерската единица на МВР. Центарот за обука на пилоти, исто така е опремен и со четири „Бел-206“ школски хеликоптери. На 10 јуни 2016 година, по случајност со годишнината на Воздухопловната бригада, бил потпишан договор за ремонт на 4 „Ми-8/17“ и на 6 „Ми-24“ хеликоптери. Ремонтот на хеликоптерите се одвивал во парови. Просечно време на еден ремонт е од седум до девет месеци. Ова подразбира дека целиот процес траел две години, така што веќе во 2018 година истите тие биле во оперативна употреба.
Во 2020 година Македонското ВВ располага со: 4 „Ми-8МТ“ борбено-транспортни хеликоптери; 2 „Ми-17“ транспортни хеликоптери; 6 „Ми-24В“ борбени хеликоптери (2 целосно и 4 делумно модернизирани) и со Центар за обука на пилоти со школските авиони и хеликоптери.
Од вкупниот број на хеликоптери, двата „Ух-1“ транспортни хеликоптери со регистрации 321 и 322 и транспортниот авион „Ан-2“ со регистрација 150 не се во употреба поради техничка неисправност и недостаток на резервни делови. Исто така, на воениот аеродром Петровец се наоѓаат четирите борбени авиони „Су-25“ (120,121,122,123), четирите „Ми-24В“ (203,204,206,208), и двата „Ми-24К“ (211,212) борбени хеликоптери, еден транспортен хеликоптер „Ух-1“ (321), и транспортниот авион „Ан-2“ (150), кои од различни причини не се во употреба. Другиот Ух-1 (322) бил испратен во Грција поради сервисирање и останал таму, иако сè уште е под сопственост на македонското ВВ.

## Иднината на Военото воздухопловство

Во Стратегискиот одбранбен преглед од јуни 2018 година се опишани плановите за развој на АРМ до 2028 година. Најнапред во стратегијата е опишана состојбата во Воздухопловната бригада. Воздухопловите со кои се располага се произведени во осумдесеттите години. Јадрото го сочинуваат транспортните хеликоптери „Ми-8/17“ и борбените хеликоптери „Ми-24“. Сите „Ми-8/17“ се оперативни. Поради техничките карактеристики на типот на хеликоптерот, можностите за медицинската евакуација (MEDEVAC) со хеликоптери се ограничени. За



разлика од транспортните, помалку од половина од борбените хеликоптери „Ми-24“ се оперативни. Исто така, се наведува дека пилотските посади во моментов не ги исполнуваат стандардите на НАТО во однос на пропишаните часови на лет. Според стратегијата јадрото и на идното воздухопловство ќе го сочинуваат транспортните хеликоптери „Ми-8/17“. Неодамна ремонтираните борбени хеликоптери „Ми-24“ ќе продолжат со извршување на задачи во АРМ до 2025 година односно крајот на нивниот работен век, но без дополнителни инвестиции, освен за основно одржување. Иднината на Центарот за обука на пилоти (и обуката за пилоти) е предмет на континуирана процена. Ќе се доделат потребни ресурси за зголемување на годишниот лет на пилотите на АРМ, приближувајќи се до стандардите на НАТО. Во согласност со плановите на АРМ, Воздухопловната бригада ќе се трансформира во Воздухопловен ВИНГ кој меѓу другите единици во својот состав ќе има сквадрон на транспортни хеликоптери и сквадрон на борбени хеликоптери.
Со членството во НАТО, односно откако животниот век на хеликоптерите ќе истече и истите ќе бидат вон употреба, ВВ ќе треба да ги прифати стандардите на НАТО за западна техника и западни летала. Некои западни алтернативи кои се предвидуваат во македонското ВВ во иднина се „OH-58D Kiowa Warrior“, „H145“, „H215 Super Puma“, 2Uh-60 Black Hawk“ или помодерна верзија на „Uh-1 Huey“.

Михаил Стојковски



# Нови питомци на Воената ак
# нови офицери во единиците



На 21 октомври во Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ се одржа свеченост по повод промоцијата на потпоручници и заклетвата на питомци од Воената академија. На свеченоста, свечена заклетва дадоа 40 питомци од 24. класа на Академијата кои го започнуваат своето четиригодишно воено образование. Од нив, 25 се од Северна Македонија, 8 се од Црна Гора, 6 се од Босна и Херцеговина и 1 е од Косово. Во првиот офицерски чин, потпоручник, беа промовирани 27 питомци од 20. класа кои го завршуваат своето образование на Веоната академија. Од нив, 19 се од Северна Македонија, 3 од Црна Гора, 4 од Босна и Херцеговина и 1 од Косово.

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, на овие две класи им честиташе што одбрале професија која е високо ценета, угледна и благородна и изрази убеденост дека со својата работа овие сегашни и идни офицери ќе ја заслужат високата доверба која граѓаните ја имаат во Армијата. „Дваесеттата класа питомци кои денеска го добиваат својот прв офицерски чин покажа колкава е вредноста на Воената академија, не само за нас туку и за нашиот регион, а преку нашиот регион и за НАТО Алијансата. Триесетина проценти од припадниците на оваа класа се школувани за потребите на вооружените сили на регионот“, рече министерката. Таа на потпоручниците им порача дека изминатиот период беа направени големи чекори напред и дека во нашата земја во тек се суштински процеси за опремување, трансформација и модернизација. „Ќе продолжиме да работиме, резултатите од вашата работа да бидат по видливи, вашиот стандард повисок, но сето ова е возможно само со заеднички напор. Дајте сè од себе, помогнете ни да бидеме подобри и поефикасни. Бидете целосно фокусирани, посветени и

# кадемија,
# е













мотивирани во вашите задачи, затоа што само така се достигнува врвот", изјави министерката Шекеринска. На новопримените 40 питомци, кои се и првата класа кои го започнуваат воеността образовани во нашата земја како полноправна членка на НАТО, министерката им порача дека во следните четири години ќе ја научат тежината и одговорноста, но и благородноста на униформата. „За вас, навистина, само небото нека биде граница. Искористете го знаењето, вештините и искуството на вашите предавачи и професори. Грабете напред и немојте да ја изгубите жедта за знаење. Секоја секунда помината на оваа Академија учете како да се биде подобар офицер, затоа што таа посветеност е состојката за секоја успешна кариера", истакна министерката.

На свеченоста беа наградени тројцата прворангирани потпоручници, Биљана Дуловиќ од Црна Гора и Гоце Софески и Филип Младеновски од Северна Македонија, а плакета им беше доделена и на професорите на Воената академија кои годинава заминуваат во пензија.

Потпоручничката Дуловиќ на младите питомци им порача: „Ја облековме униформата и оттогаш сите навики од порано ги заменивме со нови. Сега сме организирани, временски ограничени во рамките на распоредот и со тоа станавме питомци, станавме свесни за важноста на времето. Тогаш за прв пат бевме горди на самите себе. Тука заедно стануваме, работиме, се смееме и тагуваме. Имавме прилика без зборови да препознаеме кога некој е изморен, тажен, среќен или, пак, гладен. Само кога ќе успеете како нас, од 27 различни типови карактери, однесување и желби да бидете целина, семејство во кое секој ќе подаде рака на оној кој има потреба од неа, ќе стигнете до целта и сите во ист чекор ќе станете офицери".

Кристина Илиевска

# Автомат „MP9“

Во текот на 2001 година швајцарската компанија „Brügger & Thomet“ започнува со испитување какво оружје за дејство од рамо со калибар од 9 mm имаат потреба воените и полициски единици. По завршеното испитување и донесените заклучоци, со австриската компанијата „Steyr“ е договорено откупување на лиценцата за  автоматот TMP. Но, во консултација со воените и полициски единици на терен, е одлучено да се направат повеќе модификации на автоматот, со цел негово приспособување според современите потреби.
Модифицираниот автомат ја добива ознаката MP9 (Maschinenpistole 9mm).
Автоматот „MP9“ се каратеризира со мала тежина, мали димензии, двојни команди, склопив кудак, голема теоретска брзина на стрелба, можност за прикриено носење, лесно ракување, расклопување/ склопување и одржување, можност за прифаќање дополнителна опрема и солидна прецизност.
Во производството на автоматот со над 80% е застапен многу цврст полимер, што придонесува за неговата мала тежина, додека останатиот дел се метални легури. На надворешните површини „MP9“ поседува линии (хоризонтални вдлабнувања), со цел полесна манипулација и оневозможување оружјето да се излизга од рацете. Автоматот функционира на принципот кратко повлекување на цевкат со нејзино ротационо движење што придонесува за забравување со затворачот, односно, дејствува од затворен затварач.
Во основа телото на автоматот е составено од 2 основни целини: навлака и сандак (рамот). На навлаката се поставени: предниот и задниот механички нишан, излиената Picatinny шина (MIL-STD 1913) на горниот дел, рачката за репетирање поставена на крајот, водиштето со повратната пружина, затворачот со ударната игла (кој со пола должина ја опфаќа цевката), цевката и водачот на цевката кој поседува приклучок за поставување придушувач на истрел, додека во склоп на сандакот се: предниот вертикален ракофат, задниот пиштолски ракофат во чија внатрешност се вметнува рамката за муниција, чкрапалото со неговиот механизам, а на неговиот заден дел се позициите за поставување на кундакот на склопување и ременот за носење. Инаку освен копчето за задржување/ ослободување на затворачот кое е поставено само од левата страна, другите команди на автоматот се двострани со цел полесно ракување, а тоа се: копчето на селекторот за стрелба (со трите позиции закочено, единечна стрелба и рафална стрелба), копчето за утврдување/ ослободување на рамката за муниција, копчето за расклопување и рачката за репетирање.
Задниот механички нишан е од диоптерски тип. И задниот и предниот нишан се подесиви. Но, и покрај механичките нишани, со автоматот се испорачува колиматорскиот „red dot“ нишан „Aimpoint Micro TL“, кој овозможува лесно и брзо нишанење. Инаку, колиматорскиот нишан се поставува на горната Picatinny-шина. Но, покрај оваа шина од десната и од левата страна напред на навлаката може да се постави помала шина.
За автоматот е развиен и посебен придушувач на истрел (од истата компанија), кој на долниот дел исто така има Picatinny-шина. Ова придонесува за поставување на дополнителни оптички дневни и ноќни нишани, ласерски нишани и тактичко светло. Поновите верзии на оружјето наместо преден ракофат имаат Picatinny-шина.
Оружјето поседува 3 сигурносни механизми, и тоа мануелна кочница, сигурносна кочница на чкрапалото (по пример на пиштолот „Glock“) и блокатор на ударната игла којшто овозможува, доколку „MP9“ падне на тврда подлога, да не дојде до испукување. „MP9 користи полимерски проsирни рамки за муниција, со цел полесно констатирање на вкупниот број куршуми. Развиени се 4 рамки за муниција со различен капацитет, и тоа од 15, 20, 25 и 30 куршуми.
Кундакот исто така е изработен од полимер и се склопува од десната страна на автоматот и не пречи на пукањето кога е во склопена состоја. Инаку, според изјава на производителот, од автоматот може да се истрелаат 6.000 куршуми без да се јават дефекти кои би предизвикале застои. Основни верзии: со автоматска стрелба MP9 и MP-9N, со полуавтоматска стрелба TP9-N и TP9-US и вежбовни MP-9FX и MP9-M, а постојат и други подверзии.
Денес, во светот, „MP9“ се користи во 18 различни држави, како дел од нивните армии, безбедносни или полициски служби, меѓу кои се и Франција, САД, Швајцарија, Полска и други.

Ивица Дамески








1. Рачка со лост за репетирање на автоматот (не се движи при стрелба)
2. Водиште со повратна пружина
3. Заден механички нишан
4. Навлака на автоматот
5. Picatinny-шина
6. Ударна игла
7. Затворач (останува во задна позиција кога е испукан последниот куршум)
8. Лежиште на куршумот во цевката
9. Цевка со калибар од 9 mm
10. Утврдувач за поврзување на цевката со водачот на цевката
11. Преден механички нишан




12. Водач на цевката со приклучок за придушувач на истрел
13. Штитник за раката
14. Двострано копче за расклопување на автоматот
15. Преден вертикален ракофат
16. Сандак на автоматот
17. Штитник на чкрапалото
18. Сигурносна кочница на чкрапалото
19. Чкрапало
20. Селектор за стрелба
21. Ослободувач/ утврдувач на рамката за муниција
22. Заден пиштолски ракофат
23. Пластична рамка за муниција
24. Удирач на ударната игла
25. Механизмот на чкрапалото
26. Позиција за спојување на сандакот со кундакот на склопување

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „МР9“ | |
|---|---|
| КАЛИБАР | 9 mm |
| ТИП НА МУНИЦИЈА | 9x19 mm (Luger и Parabellum) |
| ДОЛЖИНА СО СКЛОПЕН КУНДАК | 303 mm |
| ДОЛЖИНА СО РАСКЛОПЕН КУНДАК | 523 mm |
| ВИСОЧИНА | 166 mm (без рамка за муниција) |
| ШИРОЧИНА СО СКЛОПЕН КУНДАК | 56 mm |
| ШИРОЧИНА СО РАСКЛОПЕН КУНДАК | 45 mm |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 150 mm |
| ДОЛЖИНА НА НИШАНСКА ЛИНИЈА | 190 mm |
| ТЕЖИНА БЕЗ РАМКА ЗА МУНИЦИЈА | 1,4 kg (со кундак) |
| ПРЕЦИЗНОСТ ДО 25 m | 2.5 MOA |
| ТЕОРЕТСКА БРЗИНА НА СТРЕЛБА | 900 куршуми во минута |
| БРЗИНА НА ПРОЕКТИЛОТ ОД КУРШУМОТ | околу 400 m/s |
| ЕФИКАСЕН ДОСТРЕЛ | до 100 m |



# „Airbus Helicopters H175“

Наследник на компанијата „Eurocopter“ е „Airbus“. Седиштето се наоѓа во Франција, во близина на Марсеј. Инаку, главните капацитети на „Airbus Helicopters“ се наоѓаат во Франција и во Германија, со дополнителни производствени погони во Бразил, во Австралија, во Шпанија и во САД. Во делот на хеликоптерите е одговорен „Airbus Helicopters“ кој, во суштина, е хеликоптерскиот оддел на „Airbus“. Компанијата била преименувана во „Airbus“ на 2 јануари 2014 година и е најголема компанија во однос на испораките и приходите од хеликоптери со турбини. Нејзините хеликоптери се во служба во повеќе од 150 земји низ целиот свет, додека воените верзии се докажани во најсложените услови на фронтот во повеќе од 160 вооружени сили ширум светот.

Компанијата „Airbus Helicopters“ и неговите претходнички компании имаат воспоставено производство на широк спектар хеликоптери со поинакви карактеристики, како на пример: прв хеликоптер со погон на турбо шуплини (Aérospatiale Alouette II од 1955 година); воведувањето на Fenestron, односно покриен опашен ротор (на Gazelle од 1968 година); прв хеликоптер сертифициран за целосен лет во услови на замрзнување („AS332 Super Puma“, во 1984 година); прв хеликоптер со контролен систем „Fly-by-wire“ („NHIndustries NH90“ во 2003 година); прв хеликоптер кој употребил систем за примарна контрола со летање по светло (EC135, во 2003 година) и прво слетување на хеликоптер на Еверест (постигнат од AS350 B3 во 2005 година). Одлични карактеристики за хеликоптер од средна класа на воздухоплови се карактеризираат за „Airbus Helicopters H175“. Тој е седумтонски хеликоптер произведен од „Airbus Helicopters“, а овој тип се произведува и од Агенцијата за воздухопловна индустрија во Кина и е познат како „Avicopter AC352“. Официјално е прикажан на „Хели експо 2008“ во САД, со предвидена бројка за производство од околу 800 до 1.000 парчиња во текот на наредниот период од 20 години. Стапил во



употреба во декември 2014 година, а наредната година „EC175“ е официјално преименуван во „H175“, во согласност со корпоративното ребрендирање на „Eurocopter“ како „Airbus Helicopters“.
Развојните идеи започнале во 2005 година кога се воделе длабински дискусии помеѓу „Eurocopter“ и кинеската воздухопловна индустрија (China Aviation Industry Corporation) на темата за заеднички развој на нов средно-тежок хеликоптер со два мотори. Истата година и компанијата „AgustaWestland“ признала дека почнале одредена комуникација со истата кинеска компанија но под услов за продолжување доколку „Eurocopter“ не учествува во истото.
Во текот на 2005 година дошло и до потпишувањето на договор за развој на „EC175“ од страна на „Eurocopter“ и „China Aviation Industry Corporation“. Процените покажале дека развојот на „EC175“ ќе чини околу 600 милиони евра. Првото официјалното откривање на „EC175“ е реализирано на „Хели експо 2008“ со демонстративен лет.
На оваа манифестација „Eurocopter“ резервирал вкупно 111 парчиња за купување од 13 клиенти, а било потпишано писмо со намери со кинеска авијациска компанија за продажба на овој модел во Кина и соседните нации, додека Airbus Helicopters да бидат одговорни за продажба во остатокот од светот.
На 17 декември 2009 година, прототипот „EC175“ во Мариган, Франција, го направил својот прв официјален лет. Европската агенција за безбедност во воздухопловството (European Aviation Safety Agency - EASA) првично се очекувало да издаде сертификација за „EC175“ некаде во 2013 година. Но, поради проблеми со сертификација на пакетот од авиониката, дошло до двегодишно задоцнување со испорака. Истата агенција во Мариган, Франција, издала сертификација на пловидбеност и за симулаторот на „H175“ со цел обука на пилотите и извежбување на редовните и вонредните постапки.
Во април 2014 година бил постигнат договор меѓу „Eurocopter“ и „China Aviation Industry Corporation“ за производство на 1.000 парчиња „H175“ (кинески AC352) со времетраење од 20 години, а производството било поделено во однос на одделни елементи и склопувачки линии. „Airbus Helicopters“ била одговорни за главниот редуктор, опашниот ротор, авиониката, автопилотот, хидрауличните, електричните системи итн. Кинеската компанија била одговорна за конструкцијата на трупот, останатите редуктори, главниот ротор, системот за гориво, контролите на летот и опрема за слетување. Преку употреба на компјутерски потпомогната технологија




Компанијата „Eurocopter Group“ била формирана во 1992 година, а води потекло од познатите „Blériot и Lioré et Olivier“ во Франција и „Messerschmitt“ и „Focke-Wulf“ во Германија

овие две компании комуницирале виртуелно поедноставувајќи ја координацијата помеѓу партнерите базирана на 10.000 км оддалеченост.
Примарни мисии за реализација со овој тип се насочени во поддршка на нафтената и гасната индустрија, како и мисиите за ВИП превоз и за пребарување и спасување. Други применливи улоги вклучуваат операции за домашната безбедност, воздушни медицински услуги, гасење на пожари, гранична контрола и набљудување, како и транспорт на патници и материјали.
Хеликптерот „H175“ се нуди во повеќе конфигурации во однос на внатрешните места за седење, со сместување до максимални 18 патници. Тој е опремен со широки лизгачки врати, со цел олеснување на пристапот.
Голем дел од најнапредната авионика на „Helionix“, како и други системи, се развиени и поставени, како на пример: систем за автоматска контрола на летот, автоматски пилот со 4 оски кој е поврзан со системот за управување, мултифункционални LCD дисплеи, очила за ноќно гледање, електро оптички сензори, автоматски систем во случај на дезориентација на пилотот, систем за спречување судир со теренот во финален приод за слетување особено на мали височини, режим за управување при откажување на еден мотор, систем за автоматско избегнување судир со други воздухоплови и слично.
Вибрациите и нивото на звукот се ниски, дури и при големи брзини на крстарење.
Напојуван од моќни мотори на „Pratt & Whitney Canada“, хеликоптерот „H175“ има силни перформанси и големи резерви на моќност, кои ја поддржуваат ефикасноста и безбедноста при полетување и слетување, како и при лебдење. Два рекорди ратификувани од страна на Fédération Aéronautique Internationale се запишани за „H175“: можноста да се искачи на надморска височина од 6.000 метри за 6 минути и 54 секунди, како и достигнување 3.000 метри височина за 3 минути 10 секунди.

Драган Павловски

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| ПОСАДА | 2 члена |
| КАПАЦИТЕТ | 12 – 18 патници |
| ДОЛЖИНА | 18.60 метри |
| ВИСОЧИНА | 5.34 метри |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН ХЕЛИКОПТЕР | 4.717 килограми |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 7.800 килограми |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 315 км/час |
| МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ | 1.083 километри |
| ПЛАФОН НА ЛЕТ | 5.500 метри |
| ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЛЕТ | повеќе од 5 часа (до 05.45 часа) |
| ЕФИКАСЕН ДОСТРЕЛ | до 100 m |



# „Dagger" – Лесно оклопно возило 4x4

„Dagger" е лесно оклопно возило 4x4 за сите терени, дизајнирано и произведено од францускиот провајдер за одбранбени решенија „Arquus Defense", поранешна „Renault Trucks Defense". Возилото е наменето да ги исполни побарувањата за мисија на вооружените сили ширум светот. Возилото моментално е распоредено во француската армија, како и во други армии во Европа, Африка и Јужна Америка

Лесното заштитено возило „Dagger", познато уште како и „Panhard PVP" (Petit Véhicule Protégé - Light Protected Vehicle), е возило со висока мобилност, модуларно, лесноклопно, пред сè, развиено за да ги исполни побарувањата на француската армија. Во 2004 година француската Агенција за набавки во одбраната (DGA, délégation générale pour l'armement) ѝ додели договор на Société nouvelle des automobiles Auverland – SNAA за набавка на 314 лесни оклопни возила. Во 2005 година „Peugeot Citroën" е продаден на одбранбениот оддел „Panhard" на француската компанија „Auverland" за да создаде нова компанија под името „Panhard General Defense". Оваа компанија беше купена во 2012 година од страна на „Renault Trucks Defense" која сега е ребрендирана под името „Arquus". После техничко-оперативните компаративни испитувања од страна на Агенцијата за набавки кои беа подложени на планината Венту во Франција, компанијата „Auverland A4 AVL" беше



избрана за програмата PVP- лесни оклопни возила. После ова повеќе од 930 возила се нарачани од страна на француската армија.
Возилото „Dagger“ е извозна варијанта на француските PVP – Petit Véhicule Protégé, лесно заштитено возило, развиени од страна на „Panhard Defense“ за француската армија. Се користи како возило за транспорт, врски, набљудување, мисии за пребарување и спасување (surveillance, and search-and-rescue - SAR).
Лесното оклопно возило е достапно во четири  главни варијанти:возило за транспорт на персонал; возило за врски (командување и контрола); оклопен транспортер; возило за внатрешна безбедност.
Компанијата „Arquus“ исто така развива неименувана верзија на „Dagger“ во рамките на својата програма за роботизација.
Прототипот на возилото без возач (UGV - unmanned ground vehicle) беше тестиран во мај 2018 година. Способностите на верзијата „Dagger“ без возач беа демонстрирани на Летниот семинар „Mouvement des Entreprises de France (MEDEF)“ одржан во бизнис школата „HEC Business School“ во Jouy-en-Josas, Франција, во август 2018 година.
Варијантата за транспорт на персонал може да се приспособи и како санитетско возило, командно возило и оклопен транспортер. Возилото ги штити пешадиските трупи, и многу брзо ги транспортира повредените и настраданите на бојното поле. Верзијата возило за внатрешна безбедност може да ја користат агенциите за спроведување на законот, додека полициските сили може да ја користат верзијата за патролирање и спроведување на законоот. Возилото за транспорт на персонал е наменето за внатрешни операции за безбедност а може да носи двочлен екипаж и до шест полициски сили. Возилото за врски или возило за командување и контрола е способно да изведува извидувачки мисии, транспорт на системи и мисии за надзор.
Лесното оклопно возило „Dagger“ е базирано на појачана тактичка шасија на возилото која го интегрира распоредот на погон на тркала од 4×4 со конфигурацијата на погон на сите тркала. Неговиот конвенционален распоред се состои од моторно оделение напред на возилото, местата на возачот и командирот во средина и одделот за транспорт на трупи позади. Ова заштитено мобилно возило може да смести двочлен екипаж, како и шест војници во делот за транспорт. Се одликува со систем за климатизација за да обезбеди непречено работење при екстремни температури.
Возилото нуди супериорни теренски можности и агол за напад и излез. Трупот на возилото е опремен со големо предно стакло (шофершајбна), две врати од двете страни и излезна врата одзади за лесно влегување и излегување на трупите. Неговиот максимален капацитет за превоз на патници на возилото за транспорт на персонал е шест, додека возилата за внатрешно обезбедување и за врски можат да соберат до пет и четири патници, соодветно.
Лесното тактичко возило располага со вооружена станица поставена на кровот, која може да биде вооружена со митралез од 12,5 или 7,62 mm. Се одликува со единечен отвор на покривот за позицијата на нишанџијата. Другото вооружување вклучува индивидуални лансери за гранати со солзавец и повеќецевен фрлач на гранати солзавец.
Возилото „Dagger“ нуди врвна



Возилото „Dagger“ може да биде опремено и со далечински управувана вооружена станица (RCWS), опремена со митралези 7,62 или 12,7 мм и фрлач на гранати  40 мм.





заштита на екипажот и на војниците, во согласност со НАТО стандардите STANAG 4569. Овозможува балистичка заштита на персоналот, од истрели од куршуми, шрапнели и парчиња од гранати, противтенковски мини и импровизирани експлозивни направи (ИЕД). Нивото на заштита може дополнително да се подобри со инсталирање на блокатори на направи за далечинско активирање на IED (jammers), како и со систем за НХБ заштита (nuclear, biological and chemical - NBC).
Освен високата носивост, воениот концепт кој стои позади дизајнот на ова возило стави акцент и на ефективна балистичка заштита и

Лесните оклопни возила PVP нудат заштита за екипажот STANAG 4569 ниво 2 и противминска заштита на подот

оперативна разноврсност во согласност со својот нов профил на мисијата. Одделот за екипажот, како и моторот се заштитени преку додатоци на алуминиумски и челични плочи со дебелина од 6 мм до 10 мм. Голем прозорец отпорен на куршуми е поставен на предниот дел од одделот за екипажот за да се обезбеди голема видливост за возачот и командирот на возилото. Два прозори отпорни на куршуми се монтирани странично, со отвори за пукање на долниот дел, на секоја од страните на возилото. На задната врата исто така има прозор отпорен на куршуми со отвор за пукање. Кабината и моторното одделение се опремени со систем за автоматско гасење на пожар. Покрај системот за климатизација, возилото е опремено со затемнети светла, електрично витло за само извлекување и (CTIS) систем.
Лесното оклопно возило „Dagger 4x4“ се напојува со мотор IVECO Turbo Diesel Euro 3 со 4 цилиндри со 170hp опремен со систем за автоматска трансмисија ZF со 5 степени на пренос. Го подобрува маневрирањето на возилото при движење низ тешки временски услови и терени. Електричната централа му овозможува на возилото да патува со максимална брзина од 120 км/ч и да достигне максимален опсег од 800 км. Подвижноста на возилото е дополнително зајакната со централниот систем за надувување на гумите (CTIS), што може да се контролира од кабината на екипажот. Возилото може да совладува вертикални пречки високи 0,35 метри и ров широк 0,5 метри. Може да совладува водена препрека со длабочина од 0,7м без претходна подготовка. Градиентот и страничниот наклон на возилото се соодветно 50 ° и 30 °. Возилото може да се пренесува по воздушен пат со воени транспортни авиони „Ц-130“ или „А-400“ и лесно може да се распореди на местата на мисијата. Ова лесно оклопно возило нуди одлична подвижност како резултат на соодносот тежина – моќ. Како возило од класата до 5 тони нуди одлична подвижност во урбана средина отколку неговите конкуренти, благодарение на малата големина. Возилото е наменето за употреба во конфликтни области и погодно е за употреба во тесните улички во населените места. Со својот моќен мотор и автоматски менувач, тоа е совршено лесно на нерамен терен и нуди одлична можност за преминување на препреки. Ова возило под лиценца се произведува за германската армија, познато под името „Gavial“.
Покрај француската армија, оператори на овие возила се уште и земјите Чиле, Того и Германија.

| СПЕЦИФИКАЦИИ НА ВОЗИЛОТО „DAGGER 4X4“ СЕ: | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 4,59 м |
| ШИРОЧИНА | 2,27 м |
| ВИСИНА | 2,17 м |
| ОСНОВНА ТЕЖИНА | 4,39 тони |
| МОТОР | IVECO Turbo Diesel Euro 3, 4 cylinders |
| ПОСАДА | возач, командир + 6 војници |
| ВООРУЖУВАЊЕ | митралези до 12,7 мм или фрлач на гранати 40 мм |
| АВТОНОМИЈА НА ОПЕРАТИВЕН ОПСЕГ | 800 км |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 120 км/ч |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | од 50 % |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 30% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВЕРТИКАЛНИ ПРЕЧКИ | 0,35 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 0,7 м без претходни подготовки |

Идриз Идризоски

# Ново српско MRAP оклопно возило „M-20“ (6x6)

На 17.06.2020 година во фабриката „Застава ТЕРВО“ во Крагуевац беше прикажан прототипот на новото оклопно воено возило од MRAP класата, „M-20“ (6x6) за Војската на Србија. Возилото е развиено во меѓусебна соработка на „Застава ТЕРВО“, „ФАП“ од Прибој и Воено-техничкиот институт. Како основа за новото возило е искористено докажаното подвозје на камионот „ФАП 2228“ (6x6), во кој е вграден дизел-моторот „Мерцедес OM906“, со моќност од 300 кс, во комбинација со трансмисијата ZF. Основната намена на ова возило ќе биде брзо и безбедно превезување на воените единици кои ќе бидат заштитени од дејство на лесни пешадиски оружја со калибар од 7,62 mm и различни нагазни мини, за што придонесува високо поставената оклопна кабина и V-обликот на долниот оклопен дел од возилото. Со цел зголемување на оклопната заштита, за возилото е развиен и дополнителен оклоп. „M-20“ поседува екипаж од 3 лица, а може да превезе уште 9 војници. За влез/излез во возилото на бочните страни и на задниот дел се поставени по 2 врати (вкупно 6 врати). Зголемувањето на свесноста и прегледност на состојбата на теренот е постигната со вградување на блиндирани стакла од сите страни на возилото. За да се овозможи борбено дејство од внатрешноста, на бочните страни се вградени по 3 пушкарници, а на задниот дел на двете десантни врати е вграден по еден пушкарник. Исто така, на кровот од возилото се вградени 3 отвори, од кои едниот е наменет за вградување на отворена борбена купола на која е поставен тежок митралез со калибар од 12,7 mm, а позади на кровот се поставени уште два правоаголни отвори, секој опремен со по 2 пушкарници. Инаку, благодарение на бочно поставените склопливи седишта во транспортниот дел, создадена е голема пространост која дозволува во возилото да се превезува тежок товар, ранети лица на носилки и друго.



# Грција набавува оклопни возила „M1117“ и „M2A2 Bradley“

Според објавите во месец јуни на грчката веб-страница enikos.gr, Грција од САД треба да добие бесплатна воена помош од 1200 оклопни возила „M1117 Gardian“ (4x4), а во преговори се и за набавка на 350 борбени возила на пешадијата M2A2 „Bradley“. Според плановите првите 800 оклопни возила M1117 „Gardian“ (4x4) би требало во Грција да бидат испорачани есента 2020 година, притоа испораката би требало да биде бесплатна, но Грција се обврзува да плати за поправките на возилата, нивната припрема, преуредувањето и обуката на персоналот. Постојат известувања дека веќе е оформена комисија од грчки воени експерти кои треба да отидат во САД и од складиштата на армијата и националната гарда на САД да изберат од борбените возила на пешадијата M2A2 „Bradley“. Набавката на овие оклопни средства ќе овозможи од грчката армија да се повлечат дел од застарените оклопни транспортери M113. Инаку оклопното возило M1117 „Gardian“ ACV (4x4) има екипаж 2+3 лица, а во верзијата оклопен транспортер може да понесе 2+8 лица. Возилото поседува борбена купола во која се вградени по еден автоматски лансер на гранати MK19 MOD 3, со калибар од 40 mm и тежок митралез M2 HB, со калибар од 12,7 mm. Додека борбеното возило на пешадијата M2A2 Bradley поседува екипаж од 3+6 лица, а поседува борбена купола во која се вградени автоматски топ M242 „Bushmaster“, со калибар од 25 mm, коаксијален митралез M240C, со калибар од 7,62 mm и двоцевен лансер со противоклопни наведувани ракети TOW.



Ивица Дамески



# Француски пушкомитралез „М1915 ЦСРГ“ – „Шоша“

Моделот „1915 ЦСРГ“ или „Шоша“ е можеби најлошиот досега направен пушкомитралез, но таквата репутација не ја заслужува во целост. „Шоша“ бил амбициозно оружје, како во дизајнот така и во конструкцијата и во тактичката употреба. Ознаката „ЦСРГ“ е акроним формиран од имињата на дизајнерите и фабриката во која се произведувал. Дизајниран бил од полковникот Луис Шоша, Шарл Сутер, Пол Рибејролс и правен во фабриката „Сосиете де Цикли Клемент и Гладијатор“

Многу познати конструктори на оружје уште од крајот на 19 век имале вистинска опсесија за автоматско оружје со кое би можело да ракува само еден војник, но до почетокот на Првата светска војна само неколкумина од нив во јавноста претставиле, колку толку, употребливи решенија. Иако овозможувале од една позиција до друга да бидат пренесувани од еден војник, овие оружја сè уште биле со голема маса и со ергономски карактеристики кои оневозможувале опција за отварање на оган во стоечки став или при движење. Токму оваа концепција на дејствување при континуирано движење била појдовна точка од која тргнал полковникот Луис Шоша при креирањето на оружјето, кое подоцна ќе биде наречен пушкомитралез „М1915 ЦСРГ“ и ќе го понесе неговото име.
Рововските борби на Западниот фронт значително влијаеле врз тактиката на завојуваните страни. Рововите и сообраќајниците, меѓусебно оддалечени до 1000 метри, ненадејните јуриши и бочни удари, одбраната на специфични огнени точки и недоволната способност за



маневрирање, ги покажале сите слабости на главното пешадиско оружје – пушките репетирки, бидејќи тие, пред сè, имале ограничена брзина на оган до 10 куршуми во минута. Затоа се барало ново, автоматско оружје, кое би се одликувало со мобилност и голема огнена моќ. Тоа оружје би го дополнувало огнот од тешките митралези, би служело за одбивање на јуришите и противнападите, за заштита на крилата и бочните страни, како и за одбрана на важните огнени точки. Во Франција, на вакво слично оружје се работело уште во текот на првата деценија на 20 век, каде идејата била пешадијата и во текот на напредувањето да може да дејствува со автоматско оружје во движење и да парира на митралескиот оган на противникот. Француските конструктори се определиле за принципот на работа базиран на долго движење на цевката и затворачот.  Проблемите со француската муниција „М1886“ која ја условила формата на полукружната рамка за муниција, големата тежина, брзото загревање на цевката и тешкото контролирање на оружјето при автоматски оган, придонеле францускиот Генералштаб овој систем да го стави „во фиока“. Но, на почетокот на 1915 година, Французите биле принудени итно да го решат проблемот со недостаток на пушкомитралези. Најбезболно било да се реактивира постоечкото решение, па тоа ѝ било дадено на фабриката „Гладијатор“, а новото оружје го добило името „Le fusil mitrailleur Chauchat Modele 1915 CSRG“.
При конструкцијата на оружјето, Шоша се соочил со низа на ограничувачки фактори и проблеми кои се појавувале еден по друг. Муницијата 8x50Р Лебел била проблематична, па оружјето добило полукружна рамка за муниција од долната страна, која била на лош глас заради влегување на нечистотија низ страничните прорези кои служеле за контрола на преостанатата муниција. Освен тоа, и системот на функционирање со долго движење на цевката не се покажал најуспешен. Лошо дизајнираниот заден дел бил причина за специфичниот начин на позиционирање на стрелецот, под агол во однос на оската на цевката, како би се избегнало повредување на окото или јагодичната коска. Нишаните биле крајно едноставни, а идејата за дејствување од стоечки став и во движење, било лимитирано од повеќе причини, иако пушкомитралезот за тоа бил опремен со вертикална рачка сместена помеѓу рамката и ракофатката. Таа не овозможувала ни малку стабилно придржување на оружјето ни кога кундакот бил потпрен на рамо, а за пукање од колк или таканаречено маршевско пукање не станувало ни збор. Француските војници се жалеле и на грубата изработка, честите застои и малата брзина на оган од под 250 куршуми во минута, додека пак германските противници знаеле да ја ценат двоструко помалата маса од нивните Максим 1908/15, така да запленетите примероци биле давани на јуришните трупи. Од друга страна, пак, Германците го давале само на еден стрелец кој бил во состав на единиците за ударни дејства. Стрелците имале обичај да ги полнат рамките со еден или два куршуми помалку поради постојаните застои. По само стотина рафално испукани куршуми, облогата на цевката се заглавувала во предна положба поради ширење предизвикано од прегревање. Французите „во од“ ја менувале тактиката на употреба на овие пушкомитралези со формирање на четиричлена група, придодавајќи им командир на групата и дополнителен носач на муниција, вооружени со карабини за да ги штитат нишанџијата и помошникот, додека Шоша се ладел или се отстранувал застој.
Французите на нишанџијата му доделувале помошник кој ги носел дополнителните рамки со мунција, а двајцата дополнително биле вооружувани и со пиштоли 7,65 мм.





Производството на пушкомитралезот

било така организирано што деловите биле изработувани од страна на многобројни коопeранти, а се склопувало во фабриката „Гладијатор“. Фабриката „d'Armes de Châtellerault“ обезбедувала цевки кои на почетокот биле од оштетените пушки „Лебел“,, а производството на наменски нови цевки започнало дури во 1917 година. Многу делови биле изработувани од пресуван лим, но за жал, деловите биле правени од комерцијални материјали кои не одговарале на стандардите за производство на оружје. Покрај тоа, документацијата не била доволно разработена, а немало ниту строги стандарди и контрола. Тоа довело до тоа секој пушкомитралез да се склопува со дополнителна, често пати брза и груба доработка. Финалниот резултат бил неугледно и несигурно оружје, кое при долготраен автоматски оган било невозможно

што доведувало до проблеми, но и покрај тоа биле изработени нешто повеќе од 250.000 парчиња, па така пушкомитралезот станал еден од најчестите пушкомитралези во Првата светска војна. Пушкомитралезот за прв пат бил употребен во април 1916 година, за време на битката кај Верден, меѓутоа, неговото прво големо распоредување било во јули за време на битката кај Сома. Тука е забележана првата тактичка употреба на пушкомитралезот во движење, па генералот Жофре му пишал на министерот за војна, барајќи првична нарачка од 55.000 пушкомитралези „Шоша“. Пушкомитралезот „Шоша“ бил користен од страна на сите завојувани страни. Американците во 1917 година нарачале 16.000 примероци во оригиналниот калибар, а наредната година уште 19.000 примероци приспособени за американскиот куршум .30-06

произведени импресивни 268.139 пушкомитралези „Шоша“, што го прави најпроизведувано автоматско оружје на војната. Условите на војување за време на Првата светска војна изнедриле бројни промени, не само врз тактиката на војување, туку и на системите на вооружување. Во овој период започнала употребата на автоматите, пушкомитралезите, минофрлачите, тенковите, фрлачите на пламен...
Во дадените услови, Французите први имале пушкомитралез од сопствено производство, со којшто можел да ракува само еден војник. Концептот, начелно е заснован на карактеристиките кои се актуелни и денес, цел век подоцна – оружје, не премногу тешко, во калибар на стандардните пушки, со можност за брза замена на рамката за муниција. Пушкомитралезот „Шоша“ не бил совршено борбено оружје, но бил прв



да се контролира. Оружјето било готово за производство во 1915 година, а првото оружје стигнало до француските трупи во 1916 година. Тоа била првата произведена масовна автоматска пушка видена во војската. Квалитетот при производството на оружјето било тоа

Спрингфилд. Белгија користела 7.000 примероци, од кои половината биле во калибар 7,65x53мм, Грција и Србија добиле по околу 4.000, Романија преку 7.000, Русија 6.000, а на Полска ѝ биле испорачани околу 12.000 примероци. До крајот на Првата светска војна биле

| ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 1160 мм |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 450 мм |
| КАЛИБАР | 8 мм |
| БРОЈ НА ЖЛЕБОВИ | 4 |
| МАСА НА ОРУЖЈЕТО СО ФУТРОЛА | 9150 г |
| МАСА НА ПРАЗНА РАМКА ЗА МУНИЦИЈА | 335 г |
| ДОЛЖИНА НА КУРШУМОТ | 74,9 мм |
| МАСА НА ЗРНОТО | 12,8 г |
| МАСА НА КУРШУМОТ | 27,8 г |
| МАСА НА ПОЛНА РАМКА ЗА МУНИЦИЈА | 20 куршуми, 900 g |

од ваков вид и секако не е најлошото огнено оружје досега направено. Треба да се земе предвид и дека воеността брзање предизвикало брза изработка на груби и технички недоработени примероци кои не биле соодветно тестирани пред воведување во употреба на фронтот. Сепак, не може да се оспори фактот дека пушкомитралезот „Шоша“ имал низа недостатоци уште во моментот на конструирање, не ги исполнил очекувањата и на него од денешна временска дистанца се гледа со непочитување. Меѓутоа, од друга страна, пак, тој бил прв пушкомитралез кој со начелните особини го трасирал патот кон изгледот на сите наредни успешни модели. Може да се каже дека пушкомитралезот „Шоша“ претставува значаен чекор во вкупниот развој на современото автоматско оружје.

Александар Стојчевски

# Одбележан Денот на Баталјонот на Воената полиција

Во касарната „Илинден“, со почитување на мерките и протоколите за справување со последиците од ширењето на вирусот COVID-19, беше одбележан 29 Октомври, Денот на Баталјонот на Воена полиција (бВП). На свеченоста присуствуваа: заменикот на командантот на Командата за операции, бригаден генерал Орце Јордев, командантот на касарната, полковник Мухарем Мухареми и команданти на останатите единици во Армијата. Во своето обраќање, бригадниот генерал Орце Јордев, покрај честитките до припадниците на бВП, го истакна придонесот на единицата во афирмацијата на Армијата и несебичниот придонес при ангажирањето во вонредната состојба за поддршка на цивилните структури во справување со пандемијата од вирусот COVID-19, за што лично им оддаде посебно признание. Пред присутните припадници и гости со свој говор се обрати и командантот на бВП, потполковник Кире Николовски, кој истакна дека преку извршувањето на големиот број задачи поврзани со мисијата на единицата и реализацијата на процесот на трансформација, се потврдува создавањето на модерна единица, што е препознаено од сите домашни и странски партнери. Баталјонот беше носител на подготовката на првиот контингент на македонски војници, како полноправна членка на НАТО алијансата кои ќе учествуваат во мисијата КФОР во Косово и рамо до рамо со припадниците на останатите земји членки на НАТО ќе придонесуваат за зајакнување на регионалната безбедност. На свеченоста беа прочитани пристигнатите честитки од останатите команди и единици на Армијата, како и наредбите за унапредување и доделување на стимулативни мерки.



# Одбележан Денот на Баталјонот за врски

По повод 21 Октомври, Денот на Баталјонот за врски, во касарната „Илинден“ во Скопје се одржа воена свеченост со почитување на препораките и мерките за заштита од ширење на вирусот COVID-19. На свеченоста присуствуваа командантот на Командата за операции (КО), генерал-мајор Павле Арсоски, претставници од Генералштабот на Армијата, команданти од единиците на Армијата, поранешни команданти на Баталјонот за врски, претставници од локални самоуправи, како и претставници од фирми-соработници на единицата.



Во своето обраќање, генерал-мајорот Павле Арсоски истакна дека припадниците на Баталјонот за врски се врвни професионалци и оваа исклучително одговорна работа ја извршуваат во крајно сложени услови, со цел непречено функционирање на системот за командување и контрола на командите и единиците во Армијата.

# Одбележан Денот на Баталјонот за воздушно набљудување и јавување

Во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец, со почитување на сите мерки и протоколи за вирусот COVID-19, се одржа воена свеченост по повод одбележување на 15 Октомври – Денот на Баталјонот за воздушно набљудување и јавување (бВНЈ) од составот на воздухопловниот ВИНГ (вВИНГ). На свеченоста присуствуваа: командантот на вВИНГ, полковник Стојко Пејовски, командантот на 1. пешадиска бригада, полковник Бесник Емини, началници на секции во вВИНГ и други гости. На воената свеченост, со пригоден говор се обрати командантот на вВИНГ, кој го истакна значењето на бВНЈ, како и формирањето на Центарот за командување и контрола со воздушно-оперативен простор од каде што се врши координација за мисијата (Air Policing) од страна на НАТО Алијансата и го истакна и несебичното залагање на припадниците од Баталјонот во извршувањето на поставените задачи. На присутните им се обрати и командантот на бВНЈ, потполковник Оливер Стојаноски, кој пред присутните истакна дека сите претходни генерации на бВНЈ имаат вложено огромен личен и професионален ангажман во формирањето и развојот на воздушното набљудување. Пред стројот се прочитаа честитки од началникот на Генералштабот на Армијата  и од командантот на КО, а  беа доделени и стимулативни мерки по повод Денот на единицата.





# Самооден ракетен лансирен систем „Шумадија“

Самоодниот ракетен лансирен систем „Шумадија“ е наменет за огнена поддршка на големи далечини и гаѓање на цели од голема важност. Со системот може да се гаѓа на максимална далечина до 285 км и со тоа истиот се категоризира во групата на системи со тактичко-балистички ракети

Во ноемвриското издание на магазинот „Штит“ ви го претставуваме модуларниот самооден ракетен лансирен систем „Шумадија“. Како вовед кон овој систем, а поради подобра визуелизација и разликување на ракетните системи, кратко би се потсетиле дека во основа постојат два типа на повеќецевни фрлачи на ракети:
со фиксни лансирни цевки (цевки кои не се модуларни, а се полнат рачно или полуавтоматски). Искуствено, тоа е најкористен и најпрактичен тип на лансери, од причина што може лесно и брзо да се маневрира и дополнува со муниција без да се прават одредени постапки за промена на комплетни полнења, цевки (модули) за кои е потребно повеќе време;
со контејнери и модули на ракети каде што истите се фиксни, во зависност од типот на лансерот, и се дополнуваат како комплетен сет на ракети. За нивно полнење е потребно повеќе време и дополнителна проверка.
Овој ракетен систем се произведува во наменската индустрија Југоимпорт СДПР во Република Србија.
Самоодниот ракетен лансирен систем „Шумадија“ е наменет за огнена поддршка на големи далечини и гаѓање на цели од голема важност. Со системот може да се гаѓа на максимална далечина до 285 км и со тоа истиот се категоризира во групата на системи со тактичко балистички ракети. Во зависност од потребите системот може да носи 4 или 8 ракети. Ракетите, и во двата случаи се склопуваат и се подготвуваат во фабричките капацитети и како готови модули се транспортираат на возилото-носач. Секој модул се состои од 2 ракети кои се сместени во цевки изработени од сегменти од композитни материјали кои се споени меѓу себе со челични држачи и се затворени со заштитни поклопци кои овозможуваат комплетна заштита од надворешни влијанија. Системот може да пренесува и 2 лансирни модули од 262 мм, од кои секој е составен од по 6 ракети со дострел од 70км. Ракетите се од типот „Ј-2“ (Јерина-2).
Контејнерите (модулите) се подигаат со посебно возило и се прицврстуваат на лежиштата на системот со посебна брава која овозможува сигурен транспорт и безбедност при истрелувањето. Лансирниот дел се





придвижува по правец и елевација со помош на електромотори со соодветни редуктори. Лансирниот дел е прицврстен за рам кој е дел од шасијата на возилото. Послугата на системот се состои од 4 члена. Ракетниот систем е опремен со сите дигитални системи за контрола и координација на оган и е компатибилен со најсовремените системи на денешницата.
Со оглед на тоа дека системот е модуларен, главна одлика, покрај огнената моќ, е и краткото време за поседнување, гаѓање и напуштање на огнената позиција. Системот може да истрела 4 или 8 ракети на една или повеќе цели на далечини до 285 км со веројатно кружно отстапување до 50 метри, ако е во начин на функционирање INS/GPS (инерционен навигациски систем/ глобален систем за позиционирање), наведување, или околу 150 метри, доколку е функционира на начин INS (инерционен навигациски систем). Системот може да дејствува потполно автономно со оглед на автономниот командно-информациски и комуникациски систем и системот за контрола на огнот. Структурно во состав на артилериски единици може да биде во бројност од 3-6 лансери на ранг на артилериска батерија и од 9-18 лансери на ранг на артилериски баталјон.
Тежината на ракетата е околу 1550 килограми, а додека тежината на еден комплетен модул од 2 ракети е 4200 килограми. Системот е монтиран на моторно возио 8x8 од типот ФАП 2832 и истото е со висока проодност и голема носивост. Автономијата на системот е преку 600 километри, а може да достигне брзина и до 100 км/ч. Кабината на возилот поседува максимална заштита на персоналот.
За прв пат овој систем е претставен на саемот на вооружување ИДЕКС (IDEX) 2017 во Абу Даби. Тестирањата и пробните лансирања на овој систем се реализираат во Пакистан со оглед на тоа дека Србија нема соодветни полигони за таа намена.Системот со оглед на сите информации од отворени извори има доста добра извозна перспектива во земјите на Блискиот и на Средниот Исток. Со оглед на тактичките и оперативните способности и капацитети на системот може да се каже дека еквивалент на ситемот „Шумадија“ е рускиот систем „Искандер М“.
Во однос на муницијата, односно ракетите, производителот развива два типа на ракети. Ракетата „Јерина-1“ е со дострел од 285км, а „Јерина-2“ со дострел од 70 км. Ракетата „Јерина-1“ е со калибар од 400 мм и истата се наведува до целта комбинирано, со инерцијално и ГПС наведување. Боевата глава е со маса од 200 кг. Ракетата „Јерина-2“ е со дострел од 70км и повеќе наликува на класичните ракети. Се произведува со калибар од 262мм.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „ШУМАДИЈА“ | |
|---|---|
| ТИП НА СИТЕМ | Модуларен |
| КАЛИБАР НА РАКЕТИТЕ | - „Јерина-1“, 400mm<br>- „Јерина-2“, 262mm |
| НАЧИН НА ПОЛНЕЊЕ | Со помош на дополнително возило за подигање на модулите |
| БРОЈ НА РАКЕТИ | 4-8 |
| ДОСТРЕЛ | - „Јерина-1“, 285km<br>- „Јерина-2“, 70km |
| ПОСЛУГА | 4 |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ | Максимална: до 100 km/h<br>На асфалтен пат: до 60 km/h<br>При теренски услови: од 30 до 50 km/h |
| АВТОНОМИЈА | 600 km |
| М/В | ФАП 2832 |



# Четврта реформа во војувањето
# Здружено војување

Пред 17 век немало потреба да се комбинираат различни родови на војска на тактичко ниво. Во најмалите единици, војниците биле организирани со исто оружје и опрема, главно поделени на пешадија, артилерија и коњаница. Само највисокиот командант на боиштето имал контрола врз сите три и ги комбинирал согласно неговата визија. Низ текот на многу битки, искуството покажало дека трите родови се поефикасни кога се координирани на пониско, тактичко ниво. До крајот на Наполеоновите војни, војските во европското боиште го прифатиле концептот да ја спојат пешадијата и артилеријата на дивизиско рамниште, додека коњаницата била издвоена во бригади, дивизии, а имало и примери на коњички корпуси. Ова останало како практика сè до половината на 19 век кога се измислени неколку револуционерни оружја и средства што драстично почнале да влијаат врз тактиката и доктрината.
За да се сфати потребата од здружување на родовите на пониско рамниште, голема улога имало искуството од војните за обединување на Германија во 19 век. Тие се карактеризирале со серија на успешни кратки војни во кои доминирале офанзивните операции. Со тоа се истакнала потребата да се спојат мобилноста и огнената моќ во маневар. За разлика од тактиката во Наполеоновите војни каде се тежнеело директно да се концентрира сета сила на противничкиот центар на гравитација, во овој период се согледала предноста

Воената доктрина на модерните војски се темели на водење здружена борба. Ова подразбира интеграција на различни видови, родови и служби заради заедничко планирање и извршување на воените операции. Здружената борба е препознаена како формула за успех на боиштето уште во 19 век, но во целост е развиена во текот на 20 век

од маневрирање со цел да се направи опфат на противничките одбранбени позиции. И Клаузевиц сметал дека оној кој се брани е во полоша ситуација бидејќи чека во место, додека оној кој напаѓа бира во кој правец и време ќе дејствува. Подвижноста комбинирана со поголема огнена моќ на артилеријата уште повеќе придонело да се гледа на одбраната како на помалку посакувана состојба. Поради оваа перцепција во почетокот на Првата светска војна на западниот фронт двете страни се обидувале да напаѓаат и маневрираат, на што се должат огромните жртви во обидот да се совлада простор на кој дејствувале модерните оружја. Пат позицијата на рововската војна на западниот фронт ги натерало двете страни да смислат нови оружја, тактики и техники за да се совлада противникот. Примената на тенкот и авионот, но и на хемиското оружје, бодликавата жица, индиректниот артилериски оган, набљудување од копно и воздух, а на море употребата на подморници, ја претставува четвртата реформа во војувањето.
Иако Првата светска војна е позната како рововска војна поради мат позицијата на западниот фронт, изработка на ровови и сообраќајници започнува уште во втората половина на 19 век, особено практикувано во Граѓанската војна во САД. Ова наметнало во здружената формација да се воведуваат инженериски единици за изработка на посложени утврдувања, попречување како и совладување на пречки. Сепак, инженеријата станала важен фактор на боиштето дури во Првата светска војна. Пред тенковите, најбрза единица на боиштето била коњаницата, која служела за извидување, јуриш и гонење на противникот. Зголемување на огнената моќ на пешадијата и воведување на митралезот го намалил ефектот на јуриш на коњаницата. Извидувањето останало како главна задача, но јуришот и гонењето со коњи станале застарени уште пред 20 век. Коњаниците се движеле побрзо се до контактот со противникот, а потоа продолжувале да се борат како пешадија. Видлив прогрес во концептот на здружена борба бил направен кога се усовршила артилеријата за индиректен оган.

Најголеми резултат во ова поле биле направени на почетокот на 20 век во Бурската војна и во Руско - јапонската војна. Искуствата од успешната примена на индиректен оган во овие војни најмногу ги прифатиле Британците и Германците. Германците, уште пред 1914 година вовеле хаубици на баталјонско ниво во секоја дивизија. Главен предизвик за здружената борба била координацијата меѓу пешадијата и артилеријата. Во текот на цела војна имало многу случаи на загуби од сопствен оган. Направени се разни експерименти како тоа да се надмине, од обележување на секој војник индивидуално се до користење на чадни сигнали, а голема улога имале врските меѓу командните места. Во рововската војна воочена била потребата на брз проток на информации и интегрирање на врските до најниско рамниште. Иако радиоврските постоеле, поради тоа што биле гломазни и несигурни, најмногу се користеле жичените врски. Проблемот бил што најстариот на боиштето обично не бил на првата линија и од неговото место до пониските командири функционирала курирска врска. Било потребно да се координира меѓу артилеријата и пешадијата секој напад, не само да се избегнат сопствени загуби, туку и да се даде поддршка на предниот крај откако ќе се совлада одреден простор. Оваа координација со комбинација на жичени, сигнални и курирски врски била огромен предизвик. Понатамошниот развој на радиоврските се должи токму на проблемите со кои биле соочени командантите при комбинирање на оган и движење.
Една од лекциите кои чинеле многу животи на западниот фронт била како да се експлоатира успехот на единицата која напаѓа. Ова важело за двете страни. Откако пешадијата ќе направела пробој, често била истоштена и десеткувана. За да се зачуваат позициите, требало да се одбие противничкиот противнапад. Затоа, артилеријата продолжувала со оганот во длабочина на вториот и третиот противнички ешалон од каде би дошол противнападот. Во многу случаи ова значело поместување на артилериските позиции кон фронтот. Западниот фронт бил во пат позиција со години бидејќи времето да се поместат повеќе единици понапред во трката со воведување на резервата на противникот било премногу кратко. Одлуката да се употреби хемиско оружје било производ на очај да се уништи непријателот по секоја цена. Во тие битки, начелно оној кој се бранел имал подобра позиција на боиштето и речиси секогаш можел да ја воведе резервата против истоштениот противник. За да се надмине проблемот



Војните денес имаат помалку жртви, но траат подолго и без јасен резултат за тоа кој е победникот, а кој поразениот. Се поставуа прашањето дали здружената борба со сета своја моќ била дизајнирана за времиња кога војната била тотална т.е. се војувало за целосна победа на противникот

со непрекината артилериска поддршка, се применувала тактика артилериските батерии да се приближат ноќе до првата линија уште пред да започне битката, за да може да дејствуваат што подалеку. Во Првата светска војна доминирала инженериска подготовка на одбраната и артилериска подготовка на нападите. Двете страни на западниот фронт се обидувале преку здружена борба да направат маневар и да ја надминат пат позицијата во рововите за која сметале дека е привремена. Стереотипот на рововска војна се должи на западниот фронт, меѓутоа на источниот фронт поради големината на просторот маневарот бил возможен и двете страни се обидувале да го опфатат противникот. Од ова искуство потекнува доктрината на длабоки операции на СССР изградена после војната.
Првиот обид да се пробие западниот



фронт бил со употреба на хемиско оружје. Французите експериментирале уште во 1914 година, но Германците први започнале да употребуваат гас на почетокот во 1915 година, и тоа на источниот фронт против руската војска. Успешна примена на гасот зависело од временските услови. Имало случаи кога ветерот менувал правец и нанесувал жртви на оној кој го иницира гасот. Генерално, Германците биле во полоша ситуација бидејќи ветерот на западниот фронт најчесто дувал во правец запад – исток. Координацијата на пешадијата и ефектите на гасот биле голем проблем за двете страни, а првите модели на маски не нуделе доволна заштита. Авионот првично бил применет за извидување и воздушна супериорност за да се спречи противничко изненадување. Кон крајот на војната се започнало со бомбардирање на противнички позиции, но не со намера да се уништат колку со намера да се деморализираат. Ново средство бил и тенкот кој се движел бавно, бил ранлив на артилериски оган и често имал механички проблеми. Координацијата со пешадијата била голем проблем бидејќи развојот на тенкот се чувал во тајност и во почеток единиците не се обучувале да дејствуваат покрај тенковите. Во текот на напредувањето кон противникот пешадијата често се издвојувала на страна. Иако биле револуционерни оружја, авионот и тенкот немале толку голема улога во здружената борба колку што им се дава на значење поради атрактивноста како нешто ново. Нивната улога драстично ќе го обликува војувањето тек во Втората светска војна. Она што навистина придонело во операциите, бил всушност камионот. Од 1914 до 1918 година, камионот бил усовршен за транспорт на луѓе и средства на фронтот, што имало огромен придонес за оперативната мобилност на единиците. Ова овозможило брзо и ненадејно распоредување на голем број единици на места каде што не се очекувало. Дотурот на логистиката драстично се зголемил. Камионот е средство кое, иако не е атрактивно, всушност придонесува за развој на модерната оперативна вештина која се базира на движење на сили и средства на голем простор. За време на Студената војна здружено-тактичките единици станале стандард во воената доктрина. Тактиката станала здружена бидејќи во секое можно сценарио сите родови морале заеднички да дејствуваат. Оние војски кои имале големи еднородни единици, при координација со други, често имале проблем со ривалство кое влијаело врз операциите. Во здружените единици тоа ривалство било помалку изразено бидејќи различните родови се обучувале како еден, интегриран тим. Трите основни карактеристики на модерното војување се мобилност, заштита и огнена моќ.



Во здружена борба, единиците се брзи колку што е брза најбавната единица. Познато е дека за време на Студената војна, советските тенковски дивизии имале два проблеми: ако се движеле пребрзо, ќе ја оставале зад себе својата логистика, а доколку напредувале побавно, можеле да го изгубат темпото на артилеријата на предниот крај. Ова било надминато кај единици кои имале мешан состав, тенкови со механизирана пешадија. Концептот на здружена борба станал прифатлив по Втората светска војна бидејќи со комбинација на различни оружја и опрема се зголемувала ефикасноста на единиците. Одредено средство кое го има и противникот е приближно ефикасно колку и неговото, на пример, авион против авион или тенк против тенк. Но, кога единиците во својот состав имаат противавионски и противоклопни ракети, се проширува спектарот на можности со кои може да му се парира на противникот. Секое оружје (единица) има силни и слаби страни, а со комбинација на различни можности тие се надополнуваат. Единица која органски има повеќе алатки за војување, има и повеќе можности на боиштето. Здружената борба се должи на големината на боиштето, единиците и целите на војните во изминатиот период. Меѓутоа, војните низ светот во последните неколку децении видливо се изменети во однос на стереотипот за Втората светска војна. Доктрината на здружена борба, не само што се изучува туку и војските се организирани за нејзина примена на боиштето. Сепак, овој начин на војување сè повеќе трпи импровизација и приспособување.

Ѓорѓи Вељовски







# Фана Кочовска-Цветковиќ

## Најмладиот прогласен народен херој на Југославија

Фана Кочовска била родена на 27 јули 1927 година во селото Лавци во близина на Битола, во сиромашно семејство на македонски емигранти. Таа немала ниту три години кога нејзиниот татко отишол на печалба во Америка. Дури и во детството морала да ѝ помага на својата мајка во вршење на тешка работа на поле за да се обезбеди за живот, бидејќи печалбарската плата не била ниту сигурна ниту, пак, постојана. По окупацијата на Југославија во април 1941 година, во селото Лавци имало силна партиска организација под чие покровителство работела како активен член на СКОЈ. Бугарскиот фашистички окупатор успел да фати еден член на СКОЈ кој лошо се однесувал пред полицијата и потоа ја пофалил работата на организацијата и нејзините членки. Фана била во можност да избега од фашистичката полиција која дошла во селото за да ја пронајде, влегле во нејзината куќа и ги малтретирале нејзината мајка и баба.

Таа продолжила да работи нелегално. Фана Кочовска со неполни 14 години станала младинска активистка. Набргу потоа, заминала во партизанскиот одред „Гоце Делчев". Во 1942 година била партизанка во Битолскиот партизански одред „Гоце Делчев" и

> Фана Кочовска била македонски комунист, првоборец и народен херој. Таа е носител на „Партизанска споменица 1941" и е најмладиот прогласен народен херој на Југославија

младински раководител во баталјонот „Стив Наумов. Пролетта 1944 година Фана била дел од група од седум војници кои требало да го запрат производството во рудникот за олово во Пробиштип. Задачата била да ги нападнат бункерите кои ги одржувале германските и бугарските фашисти. Задачата била реализирана, но Фана била повредена. Другарите едвај се спасиле од непријателот. Седиштето на бригадата одлучило да ја остави да биде лекувана во селото. Фана одбила да остане во селото и продолжила да се бори заедно со бригадата. Фана Кочовска се истакнала за време на битката кај селото Лавци во 1943 година, кога биле убиени командантот Тошо Ангеловски-Даскалот, младиот напаѓач Панде Хајзе и неколку други. Се скриле во околината на селото Лавци со група партизани и таму останале околу месец и половина. Фана четири дена останала сама, опкружена од страна на бугарските патроли кои и дење и ноќе ги барале, знаејќи дека партизаните се во близина. Фана била учесник и во Февруарскиот поход во 1944 година, од Кожуф до Козјак. Тогаш таа била водач на младинскиот баталјон „Стив Наумов".

За народен херој Фана Кочовска била прогласена на 29 ноември 1953 година.

Веднаш по ослободувањето Фана Кочовска, подоцна Цветковиќ, вршела високи општествени и државни функции. Била член на Окружниот комитет на народната младина во Битола, член на Бирото на Централниот комитет на Народната младина на Македонија, претседател на Секцијата на жените во Македонија, како и член на оваа секција за Југославија. Фана била претседател и на Комисијата за општествен надзор на Социјалистичка Република Македонија. Била избрана за член во Главниот одбор на Претседателството на Македонија, била член на Конференцијата на Сојузот на комунистите и на Десеттиот конгрес, била членка и на Централниот комитет на Сојузот на комунистите.

Таа починала на 17 април 2004 година во Скопје.

Антоанела Димитриевска



# Војната и мирот во Кавкаскиот регион

## Најдолгиот конфликт во Европа не треба да се игнорира

Европејците и Американците негодуваат кога станува збор за просторно далечниот конфликт на ридовите на Кавказ. Но, истите тие ќе мора посериозно да се заангажираат околу него, но и за партнерство со Русија во врска со истиот, без оглед на нивните разлики поврзани со други прашања. Само едно потсетување, ова е најстариот етнотериторијален конфликт во постсоветскиот простор. Спорот започнува како политички судир во 1988 година, кога му задава големи главоболки и непроспиени ноќи на тогашниот претседател Михаил Горбачов. Со распаѓањето на СССР, истиот се претвора во вооружен судир меѓу двете независни нации Ерменија и Азербејџан. Страните престануваат да се борат во 1994 година откако со прекин на огнот со посредство на Русија се реализира ерменска воена победа на теренот. Но, самиот конфликт останува нерешен. Азербејџан не ја губи само спорната територија на самиот Карабах, со ерменско мнозинско население во времето на Советскиот Сојуз, туку целосно или делумно – седум региони на Азербејџан кои никогаш не биле спорни, но сè уште се контролирани од ерменските сили. Иако зоната на примирје можеше да остане мирна по 1994 година, никогаш немало потполно примирје во агресивната реторика што двете страни ја користеа едни против други. Без мировници на теренот и двете земји поминаа процес на силна милитаризација, купувајќи тешка артилерија, напаѓачки авиони, беспилотни летала и ракети со голем дострел. Актуелните борби од септември 2020 година изгледаат уште посериозни. Со оглед на тоа што очекувањата на јавноста и во обете општества се крајно големи, на лидерите ќе им биде уште потешко брзо да запрат и да тврдат дека постигнале успех на тоа поле. Воедно, ризикот од ескалација и масовно уништување е алармантно висок.



Постојат два нови фактори кои ја прават ситуацијата уште поопасна. Првиот е дека додека, како и обично, повеќето земји повикуваат на деескалација и прекин на огнот, за прв пат, една голема сила и сосед, Турција, отворено ја поддржува една од страните во конфликтот, а тоа е Азербејџан. Турција е членка на единственото меѓународно тело што посредува во конфликтот,

таканаречената Минска група на Организацијата за безбедност и соработка (ОБСЕ) во Европа скоро 30 години,. Како таква, Турција отсекогаш дава политичка поддршка на Азербејџан, но има и ограничувачко влијание врз нејзиниот брат Турчин во Баку, повикувајќи на мирно решавање на конфликтот. Тие денови сега се минато, а геополитичката рамнотежа што владееше околу конфликтот е прекината.

Вториот фактор е дека САД се невообичаено дефокусирани, Вашингтон е еден од тројцата копретседавачи на напорите за медијација на Минската група уште од 1998 година. Во 2001 година, претседателите на Ерменија и Азербејџан се состануваат во Ки Вест, Флорида, на голема средба со посредство на САД, која барем накратко се чинеше дека нуди решение за конфликтот. Сепак, на 27 септември, Вашингтон беше последниот голем меѓународен актер кој издаде изјава.Ова е показател за општо американско повлекување од интерес за овој регион, а можеби и во овој конкретен случај е доказ дека претседателот - спонзор на никогаш завршената кула Трамп во Баку, на Ерменија и Азербејџан гледа само од деловна перспектива. Воедно, тоа е поширок симптом на свет во кој Соединетите Држави не дејствуваат да ги смират регионалните конфликти.

На крајот на краиштата, Карабах е третата конфликтна зона во која Турција се соочува против Русија, после Сирија и Либија. Што се однесува до Европската унија, таа никогаш немала улога во овој конфликт, што е сосема поинаква ситуација кога станува збор за Балканот. Всушност во 90-тите години на минатиот век односно на почетокот на вооружениот конфликт во Нагорно Карабах, ЕУ нема претензии за геополитичка улога каква што има сега. Во 1998 година, Франција станува третиот медијатор. Но, и покрај периодичните интервенции на француските претседатели, таа не покажува постојан интерес за потполно решавање на конфликтот.

Русија, а особено министерот за надворешни работи, Сергеј Лавров, останува најактивниот медијатор и единствениот играч со вистински капацитет да ги убеди двете страни да прогласат нов прекин на огнот. Но, како и секогаш, Москва е ограничена поради набиените билатерални агенди што ги има со Баку и Ереван, но и историските сомневања на Ерменците и на Азербејџанците во врска со руските намери во регионот, така што Русија

> Антон Чехов има кажано: „Ако во првиот чин на една претстава сте го закачиле пиштолот на ѕидот, тогаш мора да го употребите во следниот чин ". Како сево ова да го поврземе со моментот дека дваесет и шест години откако е постигнат договорот за прекин на огнот во Нагорно Карабах, кој двете страни главно го почитуваа, пиштолот беше испукан. Избувнуваат тешки борби. Прашањето е: Зошто сега? Најверојатно, поради долгите спротивставени фрустрации, но и заради специфичниот историски момент

никогаш нема да може сама да испорача мировен договор. Сето ова резултира со многу неискористен меѓународен потенцијал. Годините поминуваа во прикриена, бесцелна дипломатска активност и дискусии околу формулацијата на рамковниот документ што датира од 2006 година или за тоа колку набудувачи на ОБСЕ треба да бидат стационирани на теренот. Но, неодамнешните судири пробудија силно и трагично чувство за „дежа ву". Имено, по последната рунда тешки борби во мај 2016 година, двајцата претседатели заминуваат во Виена и, под притисок на Лавров, а потоа и на државниот секретар на САД, Џон Кери, обете страни прават компромиси. Азербејџанската страна се согласува на мерки за зајакнување на примирјето: главната главоболка на Ерменците, а Ерменците се согласуваат на продолжување на „преговорите за сеопфатно решение", што е главното азербејџанско барање. Овој договор можеше да донесе многу, но многу брзо и двете страни се повлекуваат од своите ветувања и, како и обично, меѓународните медијатори не се обидоа да ги натераат Баку и Ереван да си стојат на зборот. Како резултат на ова преговорите продолжуваат под покровителство на групата Минск, но тие стануваат чисто технички, без реална суштина. Таа празнина во реалниот дијалог е и главниот фактор што придонесе за септемвриските борби. Едноставно, азербејџанската страна изгуби верба дека сегашната ерменска администрација е подготвена за обновување на суштински преговори.

Европејците и Американците може да жалат за овој просторно далечен конфликт на ридовите на Кавказ, но на крајот на краиштата, нема да имаат друга опција освен посериозно да се вклучат во него и во партнерство со Русија, без оглед на нивните разлики во однос на другите прашања.

Вклучувањето на Турција, блискоста на Иран и присуството на големи нафтоводи и гасни цевководи го прават ова место регион каде што локалното разгорување на конфликтот може брзо да се претвори во меѓународна „главоболка". Воедно, не треба да се заборави дека ова е и хуманитарен императив. Последниот пат починаа околу 20.000 луѓе, а повеќе од еден милион се раселени од своите домови. Неприфатливо би било дека истото може повторно да се случи во две европски земји. Затоа, иако во 1992 година новоформираната Минска група повика на меѓународна конференција за решавање на конфликтот, тоа никогаш не се случи. Сега е време е да се свика и да се одржи таа конференција.

м-р Билјана Поповска

*(адаптирано од https://carnegie.ru/commentary/82813?fbclid=IwAR0ahwbGvOCf3nuiJgbbd1ZMgdEguzwu9LtPs_Hw8NX1Wrk4s80amgeiwqk)*






# Империјалниот музеј на војната (Imperial war museum) – I дел

Почетоците на Империјалниот воен музеј датираат од далечната 1917 година, кога е основан во Кристалната палата во Лондон, по што во 1924 г. е преместен на денешната локација во Јужен Кенсингтон – Лондон. Музејот е составен од матична локација и 4 (четири) ограноци: Империјален музеј на војната (Imperial War Museum) – Лондон; Империјалниот музеј на војната во Дукфорт (Imperial War Museum Duxford) –Дуксфорт; Кралскиот Брод Белфаст (HMS Belfast) – Белфаст; Воените простории на Черчил (Churchill war rooms ) – Лондон; Империјалниот музеј на војната „Север“ (Imperial War Museum North) – Манчестер

**Империјалниот музеј на војната (Imperial War Museum) – Лондон**

На влезот во поранешната Бентлемска кралска болница, денес седиште на

Доколку би сакале да ги класифицирате воените музеи според нивната големина тогаш империјалниот музеј на војната во Лондон, Обединетото Кралство, сигурно е во првите три најголеми, ако не и најголемиот во светот. Покрај својата импозантна големина тој, исто така, важи и за еден од најстарите воени музеи. Во својата колекција овој музеј брои преку 10 милиони експонати и околу 2,5 милиони посетители во текот на годината

Империјалниот музеј на војната, ќе ве пречекаат двата 380 мм (15 инчни) бродски топови кои се обележје на овој музеј. Овој музеј е најстариот од сите останати и е започнат со работа во 1920 година кога имал цел да изложува опрема, оружје и документи од Првата светска војна и да служи за предупредување на ужасите кои ги носи војната како појава. На влезот од музејот, на приземјето, се поставени две тематски целини: „Сведоци на војната“ и „Галерија на Првата светска војна“. Во „Сведоци на војната“ се поставени девет објекти. Објекти кои се доминантни се оргиналната запленета „В2“ ракета и проектилот „В1“ од Втората светска војна, како и двата воздухоплови „АВ - 8 Хариер“ и „Спитфаер“. Авионот „Спитфаер“, кој е изложен во музејот, учествувал во 57 борбени мисии во битката за Британија. Други изложени објекти во овој дел се рускиот тенк „Т-34“, топ од Првата светска војна, возило

„ландровер“ на новинската агенција „Ројтерс“, кое било оштетено во ракетен напад во појасот Газа и остатоци од возило кое било искористено за бомбашки напад во Багдад. Во делот на галеријата за првата светска војна се изложени околу 1 300 објекти кои влкучуваат оружја, униформи, документи, дневници, филмови итн. За голем дел од експонатите во овој дел е поврзана и лична приказна која ги опишува страдањата на војната, војничките другарства и врски, посветеноста и лојаноста кон државата. Додека го обиколувате овој дел на музејот над вас надвисува авионот „Camel“ и поминувате покрај тенкот „Марк 5“.  На првиот спрат од музејот е распоредена тематската целина наречена „Точка на пресврт“, наменета на Втората светска војна и на периодот од 1934–1945 година. Од позначајните експонати во овој дел се: оргинален 88 мм противавионски топ познат како „Флак 36“, вертикален стабилизатор од авионот „Местершмит Ме110“, кој му припаѓал на германски пилот-ас, кој во текот на Втората светска војна имал срушено преку 120 сојузнички воздухоплови, поголемиот дел бомбардери. Орелот кој е симнат од Рајстагот во Берлин 1945 година при влезот на сојузниците, исто така е изложен во овој дел на музејот, германски БМВ мотор со приколка користен во операцијата „Барбароса“, како и подморничко торпедо.  Во истата целина е изложено и штабното возило на ген. Монтгомери, кој тој лично го користел при посетите на единиците. Американскиот тенк „М4Т4 Шерман“, кој бил користен за време на Денот „Д“ е уште еден експонат кој е дел од тематската целина „Точка на пресврт“ и покрај него се изложени и остатоци од јапанскиот авион „Зеро“ кој се користел во војната, реплика на нуклеараната бомба „Малото момче“ од Втората светска војна.

На вториот кат од музејот е распоредена поставката која го опфаќа периодот од 1945 година до 2014 година и е наречена „Мир и безбедност“. Во овој дел карактеристични експонати се дел од прозорската рамка од кулите близначки кои беа срушени во теростичките напади на 11 септември 2001 година. На третиот кат се поставени специјални поставки кои се организираат во одренини периоди и настани, додека на четвртиот кат е поставката наменета на холокаустот од Втората светска војна. Во овај дел се опишани страдањата низ кои поминале Евреите кои биле во концентрационите логори. На петтиот кат од музејот е поставката наменета за Лордот Ашрофт и несекојдневните херои. Тука се изложени оклу 250 приказни и ордени за несекојдневни героски дела кој ги имаат направено мажи, жени и деца.

На вториот кат од музејот е распоредена поставката која го опфаќа периодот од 1945 година до 2014 година и е наречена „Мир и безбедност“. Во овој дел карактеристични експонати се дел од прозорската рамка од кулите близначки кои беа срушени во теростичките напади на 11 септември 2001 година. На третиот кат се поставени специјални поставки кои се организираат во одренини периоди и настани, додека на четвртиот кат е поставката наменета на холокаустот од Втората светска војна. Во овај дел се опишани страдањата низ кои поминале Евреите кои биле во концентрационите логори



Во овај дел е изложен и ранецот кој го носел војникот Мет Кроучер кога скокнал и со истиот ја покрил гранатата фрлена од непријателот за да ги спаси своите колеги. Истиот тој ранец го спасил и него. Во музејот е дозволено сликање и снимање, но е забрането користење на блицеви. Работното време започнува од 10 часот наутро и се затвора во 18 часот. Вообичено време потребно за разгледување и истражување на музејое е околу три часа.

## Империјалниот музеј на војната „Север“ (Imperial War Museum North) – Манчестер

Империјалниот музеј на војната „Север“ е сместен во Манчестер. Овој музеј со своите поставки кои се изложени е фокусиран на истражување влијанието на модерните конфликти на луѓето и општеството. Музејот е отворен за јавноста во 2002 година и истиот има околу 450 000 посетители годишно. Влезот во овој музеј е слободен. Постојаните шест поставки кои се распоредени во кружен распоред во должина од двестотини метри и 3500м2 по хронолошки редослед. Првата која следи веднаш по самиот влез е наречена „Искуства на војната“, втората поставка е „Жените и војната“, третата е наречена „Импресии од војната“, четвртата поставка или таканаречените силосни точки е наречена „Империи, комонвелт и војна“, додека петтата поставка е насловена „Науката, технологијата и војната“ и шестата, последна, е „Легалноста на војната“. Додека поставките се распоредени во кружни  изложбени простори наречени силоси, на крајните ѕидови од музејот низ временска рамка се изложени карактеристични експонати користени во војната по временска рамка, започнувајќи од 1914 година па сѐ до денес. Во меѓупросторот помеѓу крајните зидови на музејот и изложбените силоси се поставени поголеми експонати како што се артилериски топ од Првата светска војна од која Обединетото Кралство го испука првиот истрел во војната, руски  тенк „Т-34“, американскиот „АВ-8 Хериер“ итн. Покрај сето што е изложено често пати делови од ѕидовите на музејот се користат за презентации со аудио поддршка. За обиколка на музејот би ви биле потребни од 1 час до 1 час и 30 минути.

Златко Блажески



# Уметници изгубени во виорот на Првата светска војна

Првата светска војна траела од 1914 до 1918 година. Оваа војна ја нарекуваат  и Големата војна поради тоа што во неа загинале огромен број луѓе од сите инволвирани земји. Периодот на Првата светска војна се преклопува со најавангардниот период од историјата на уметноста во кој се појавиле голем број креативни и талентирани уметници кои создадоа врвни уметнички дела и нови уметнички правци. За жал, голем број од овие талентирани уметници го загубија животот во виорот на војната и со тоа ја оставија светската историја на уметноста посиромашна за дела кои ќе ги создадеа доколку ја преживееја војната

Голем е бројот на уметници коишто Првата светска војна со смрт ги запре во нивниот штотуку започнат уметнички израз. Магазинот „Гардијан“ пред извесно време направи посебна „листа на таленти“ со имињата на уметници-жртви на Првата светска војна. Историчарите на уметноста, анализирајќи ја историјата на уметноста до денешен ден, констатираат дека доколку Големата војна и смртта не ги запреа овие уметници во врвот на нивниот креативен потенцијал, тие, секако, ќе имале влијание врз текот на уметноста и културата, особено во Европа.
Според Листата на „Гардијан“, ова се некои од најпознатите уметници – писатели, поети, сликари, вајари, архитекти, кои го загубија својот живот во периодот на Првата светска војна.
**Гијом Аполинер** е француски поет, драматург,  новелист, романописец, уметнички критичар и визионер. Се смета за еден од најистакнатите поети на почетокот на 20 век, како и еден од најстрасните бранители на кубизмот и надреализмот. Аполинер го напишал едно од најраните надреалистични книжевни дела, драмата „Градите на Тиресијас“ (1917). Аполинер се борел во Првата светска војна и во 1916 година бил сериозно повреден од шрапнел во слепоочницата, од што никогаш целосно не закрепнал и починал во 1918 година. Како литературен критичар е најпознат и влијателен во неговото признавање на Маркиз де Сад, чии дела долго време биле нејасни, а неговата популарност расте со растот на влијанието на уметничките движења дадаизам и надреализа на почетокот на дваесеттиот век. Тој бил близок

пријател со Пикасо, Росо и Шагал. Аполинер е првиот којшто успеал да ја спои поезијата и цртежот, и тоа на начин што предвидел уметничка револуција. Како критичар, Аполинер ги објаснувал кубизмот и надреализмот, бранејќи ги младите уметници кои често биле напаѓани поради уметноста која не можела биде сфатена од ксенофобичниот аудиториум. Како визионер, Гијом видел празнина меѓу две уметнички институции: првата била популарната, традиционална форма на уметност, а втората била формата на уметничка експресија преку надреализмот и кубизмот. Со својата нова инвенција – калиграмот, Аполинер изградил мост меѓу тие две празнини. Калиграмот бил измислен како напишана слика, портрет од мисли и зборови и бил употребен за поезијата да ги надмине границите на она „нормалното“. Неговите пријатели уметници не можеле да се помират со загубата на нивниот талентиран пријатели и неговата смрт симболично се одразила и во некои од нивните дела.



**Франц Марк** е ликовен уметник и еден од главните претставници на германскиот експресионизам и основач на авангардната уметничка група „Синиот јавач“. Тој, преку силниот колорит и острите линии ја пренесувал хаотичноста на почетокот од 20 век, воедно визионерски согледувајќи го значењето на природата. Франц Марк бил регрутиран и испратен на западниот фронт, каде што и загинал во битката кај Верден, на неполни 36 години. Светскиот експресионизам со смртта на Франц Марк губи еден од своите највеличествени претставници.
**Умберто Бочиони** е еден од најталентираните уметници во рамките на футуристичкото движење. Неговиот уметнички израз изобилува со драматични прикази, каква што на пример е скулптурата „Единствени облици на континуитетот во просторот“, која ги прикажува технолошките достигнувања на новиот век. Футуризмот, како правец и движење во војната, претставува прочистување и надоаѓање на нова енергија. Кога започнува Првата светска војна, Умберто, како доброволец заминува на фронтот. Бил ранет 1915 г., а само неколку месеци подоцна и починал.



**Анри Годие** Бжешка бил талентиран француски уметник кој работел и живеел во Велика Британија каде што го споделувал радикалниот модернизам заедно со Езра Паунд и Џејкоб Епштајн. Со започнувањето на Големата војна им се приклучува на воените единици на Франција. Загинал како војник на фронтот во својата 24 година. Зад себе оставил малку, но мошне значајни книжевни дела.
Бројот на загинати за време на Првата светска војна енормно се зголемува и со пандемијата на шпанската треска и на тифусот кои коселе за време и по завршувањето на војната. Меѓу жртвите од шпанската треска бил и австрискиот сликар **Егон Шиле**, кој умира во 1918 година. Неговите автопортрети и еротски цртежи преку својата провокативност и страсност силно влијаат на модерните ликовни правци.



Архитектот **Антонио Сент Елија** бил омилениот архитект на футуристите, кој се спротивставил на архитектурата на римските ископини и ренесансните палати. Неговите цртежи на фантастични модерни футуристички градови, со огромни солитери и тврдини од стакло и бетон, и денес се инспирација за модерните архитекти на 21 век. Со почетокот на војната Елија стапил во редовите на војската и загинал во битката кај Монфалконе во 1916 г., на 28-годишна возраст. Неговите визии останале само како скици кои ги реализираат современите архитекти.
**Аугуст Маке** е германски експресионист кој создавал сензуални, растреперени и светли дела кои ги славеле хедонизмот и сензуалноста во животот. Тој бил исполнет со оптимизам и животна радост, но загинал во самиот почеток од војната.
**Владислав Петковиќ-Дис** е еден од најталентираните поети на српската книжевност и основач на српската модерна поезија. Тој учествувал во војната и ја минал целата голгота на српската војска преку Албанија до островот Крф на Јонското Море. За жал, загинал недалеку од Крф, кога бродот на кој се наоѓал бил погоден од торпедо на германска воена подморница. Загинал релативно млад, но оставил врвна и ненаедмината лирска поезија, со специфичен сензибилитет, свртена кон внатрешниот свет на човекот, мечтаењето, но и песимизам, кој е најизразен во неговата најпозната песна „Можеби спие“, која е врв на српскиот ран симболизам.
**Надежда Петровиќ** е една од најпознатите српски сликарки на 20 век. Освен што била надежна и талентирана ликовна уметница, Надежда била и голем хуманист и веднаш по започнувањето на Првата светска војна доброволно се приклучила како болничарка во редовите на српската војска. Надежда умрела од тифус во 1915 година. Нејзиниот ликовен израз во кој доминираат големи површини и жар црвени тонови ја воведува српската ликовна уметност во тековините на модерното европско сликарство.

Владимир Лазовски





# „Кукавица“

Студените и сиви ноемвриски денови ни носат една ведра и светла приказна од Втората светска војна, нетипична по тоналитетот и вибрацијата кои сме навикнале да ги гледаме во воените филмови. „Кукавица“ (рус. Кукавица) на режисерот Александар Рогожкин нѐ потсетува дека без разлика на тоа која страна сте ја одбрале, луѓето се исти, желни за мир, за слобода, за човечки допир и пријателска топлина. Оваа порака ни е пренесена преку триаголникот на односите помеѓу непријателите Веико и Иван на кои судбината им ги вкрстува патиштата во последната есен од војната и нивната отелотворена „тампон зона“, вдовицата Ани. Филмот е добитник на дури 22 награди на многубројни престижни филмски фестивали на руската, но и на европската сцена.

Соживот и љубов во кулата на Вавилон

Младиот фински снајперист Веико е првиот лик кој го запознаваме во филмот. Дејството се одвива во септември 1944 година, на еден од северозападните руски фронтови кои граничат со Финска. Веико останува закован на една карпа, оставен така, сам, од страна на неговата воена единица, само со еден карабинер „98К“, вода, храна и муниција и без никаков изглед за бегство, но со една специфична задача - да служи како мамец за руските војници и да убие што повеќе од нив. За таа цел тој е облечен во нацистичка германска униформа, за да привлече што повеќе непријателски војници. Окован на карпата, ова секако е самоубиствена задача, сурова казна која му е доделена нему поради кукавичлук во една од битките. Сепак, среќата е на негова страна. Благодарение на својата снаодливост и креативност, користејќи ги ограничените ресурси околу себе, Веико успева да ја изрони карпата каде бил закован клинот од неговиот оков и да се ослободи.

Во меѓувреме, на руската страна во Финска, Иван, воен капетан, е приведен и во придружба на стражар и офицер од неговата воена единица се враќа назад во Русија поради истрага на неговите антисоветски белешки. Таквите истраги во тоа време завршувале или со егзекуција или во „казнени воени единици“ (единици составени од руски предавници и злосторници кои биле праќани на бојното поле невооружени за да служат како дистракција или да откриваат полиња со нагазни мини). Иван знаел дека во секој случај го чека крвав крај. За негова среќа, на патот кон родната земја, неговото возило било нападнато со огнено оружје од страна на руски воен авион при што само тој останува жив но, сепак, смртно повреден..

Овие два лика, на еден начин осудени на смрт од нивните претпоставени, претставници на спротивни страни, како на воено така и на карактерно поле,









судбината ќе ги спои на изолираната фарма на ирваси на Ани, лапониска млада вдовица, чиј маж заминал во војната пред четири години и никогаш не се вратил. Добрината и шармот на Ани веднаш ќе го освојат срцето на рускиот осуденик чијшто живот таа го спасила и тој ќе остане засолнет во нејзиниот дом сѐ додека не заздрави. Набргу по неговото пристигнување, се појавува и Веико кого Ани ќе го одбере за задоволување на нејзините побуди и потреба од машко присуство и од тој момент започнува ривалството меѓу овие двајца ликови.

### Човечност под маската на стравот

Ликот на финскиот протагонист Веикко е стереотип на младата машка популација која влегла на бојното поле по завршувањето на студиите и најчесто не по своја волја, но, која го задржува ведриот дух, чистата намера и желбата да се живее во свет без непријатели наместо да се предаде на желбата за одмазда и жедта за крв на оној пред нишанот на пушката. Наспроти него го среќаваме рускиот предавник Иван - чиста спротивност на пријателски настроениот фински цимер, крајно радикален, конзервативен и крут, кој гледа непријател во секој којшто не го познава, и тука режисерот го доловува чувството на засилена недоверба и несигурност на човекот во време на војна во својата околина. Кај Иван особено се засилува непријателството кон Веико откако го забележува кукастиот крст на неговата униформа и оттогаш го нарекува „Кукавица“ и покрај неуспешните обиди на Веико да му објасни дека не ја сака војната, дека е пацифист и дека го интересираат музика и уметност, а е принудно дел од неа.

Најинтересниот дел по сретнувањето на овие три лика е она што сите зборуваат на различен јазик, Иван на руски, Веико на фински и Ани на самски (лапонски) и ниеден од нив не го разбира другиот. Благодарение на преводот, единствен кој знае што се случува е самиот гледач. Сепак незнаењето не е пречка за ликовите да комуницираат постојано преку мимики, говор и гестикулации, при што секој погрешно го толкува соговорникот. Со тоа режисерот внесува комичен елемент што му дава на филмот дополнителна убавина.



По неколку денови поминати под ист кров, Ани, Веико и Иван се зближуваат, јазичната бариера не ги спречува да почнат соживот и меѓусебно да си помагаат да преживеат додека можат. На површина излегува заедничкото на Иван и Веико – дека тие се само обични луѓе и двајцата се заситени од животот како војници и го посакуваат крајот на војната. Иван го спушта штитот пред Веико, го прифаќа љубовниот пораз и го признава неговото право да живее. Во финалната сцена ја гледаме Ани како ја раскажува приказната за овој необичен пресврт во нејзиниот живот на нејзините двајца синови, едниот од Иван, а другиот од Веико.

### Ода на хуманоста

Финците во Втората светска војна биле надалеку познати како успешни и вешти снајперисти. Токму првиот на светската водечка листа, Симо Хајха, со 542 потврдени убиени војници, важи за снајперист којшто има најголем број успешни цели во Втората светска војна и поради таа вештина го заслужил прекарот „Бела смрт“, прекар под кој бил познат кај војниците на Црвената армија. Името „Кукавица“, според кој е насловен филмот, исто така е сленг кој произлегува од руските кругови, а се однесува на снајперисти-самоубијци од профилот на Веико, Финци кои биле принудени да се борат за нацистите, а потоа им биле жртвувани на руските непријатели.

Најпрво оваа приказна била замислена како театарска драма, а потоа по одлука на режисерот и главниот фински лик била пренесена на големото платно.

„Кукавица “ е еден од оние оптимистички воени филмови кои на едноставен и заводлив начин ќе ви го освојат срцето уште на самиот почеток, светла приказна за еден свет каде што сѐ уште владее темнина, редок примерок на воениот жанр со среќен крај кој ќе ве насмее и ќе ве потсети на добрината на човечкото срце – суштината на човековото постоење и преживување.

„Кукавица“ е приказна за меѓусебното разбирање без познавање на јазик, хуманост во услови на смрт и победа на човечноста над апсурдот на војната, раскажана токму онака како што треба за да ја разберат сите гледачи. Филмот е креативно и успешно кинематографско дело на Александар Рогожкин коешто ќе ве остави во добро расположение.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Aleksandr Rogozhkin

**Улоги:** Anni-Kristiina Juuso, Ville Haapasalo, Viktor Bychkov

**Сценарио:** Aleksandr Rogozhkin

**Кинематографија:** Andrey Zhegalov

**Музика:** Dmitri Pavlov

**Времетраење:** 105 минути

**Година:** 2002

**Земја:** Русија, Финска

**Награди:** Четири награди за најдобар филм, режисер, сценарио и актер на фестивалот „Златен орел“ во Русија, награди за најдобар режисер и актерка на „Festroia Troia“, фестивалот во Лисабон, награди за најдобар режисер, актер и награда од публиката на Интернационалниот филмски фестивал во Москва



# Нижеполе –
## место за повеќе видови туризам

Селото Нижеполе се наоѓа на 1.100 метри надморска височина на ридско-планински терени на планината Баба. Оддалечено е 9,5 километри југозападно од Битола, на границата со Националниот парк „Пелистер“ и претставува важна дестинација за рекреативците и другите туристи од регионот и државата но, исто така, и за соседните земји, особено за Грција и Албанија. Бројните излетнички места, планинарски патеки и скијачки терени со кои изобилува околината привлекуваат илјадници посетители преку текот на целата година. Селото дава можности за развој на повеќе видови традиционален или алтернативен туризам и одлични услови за зимски и летен туризам. Во развојот на туризмот е вклучено и населението од самото село, особено за производство на здрава храна или во функција на агротуризмот.
На планинарските патеки има по неколку „природни“ видиковци кои како да се намерно поставени тука за да застанеме, да се одмориме и да се восхитуваме на убавините околу нас. Погледот кон Нижеполе е волшебен. Некои луѓе веруваат дека петолисниот бел бор кој се среќава овде и уште само на неколку планини на Балканот, е токму коренот на името Пелистер – „пет лисја“. Глетките одовде се прекрасни. На падините на Баба Планина на надморска височина од 1.300 – 1.610 метри е сместен ски-центарот „Нижеполе“. Почетоците на ски-центарот „Ниже поле“ датираат од 1984 година, кога бил изграден во склоп на комплексот „Ниже поле“. Од Битола до ски-центарот води асфалтен пат во должина од 15 km. Ски-центарот располага со три ски-лифтови со вкупна должина од 2.150 метри и капацитет од 3.000 патници на час. Вообичаено ски-сезоната започнува од почетокот на месец декември и трае до крајот на месец март.
Дојдете и вие, почувствувајте ја оваа убавина ,шаренилото од бои, чистиот воздух и, секако, вкусете го планинскиот чај.

Кристина Илиевска








WELCOME TO








2020–2025